**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**Од Четвртото продолжение на Сто дваесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 27 март 2006 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 13,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме со работа по Сто дваесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Иван Анастасовски, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Сашко Кедев, Сашо Дохчев, Рафет Муминовиќ, Томе Тромбев, Ванчо Ѓорѓиев, Али Ахмети, Теута Арифи, Фазли Велиу, Мендух Тачи, Љубчо Георгиевски и Абдуладил Вејсели ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на изборниот законик.

Претресот по амандманот на член 46 за додавање на нов став 2 по ставот 1, поднесен од група на пратеници, да не ги читам, ги читав веќе неколку пати, е завршен, заклучен и ги молам пратениците да влезат во салата, треба да пристапиме кон гласање.

Објавувам дека десетте минути за кворум почнаа да течат, бидејќи академската четврт помина.

Повелете процедурално господине Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Господине претседателе, од името на пратеничката група на ВМРО Народна партија, ќе бараме пауза до 15,00 часот. Очигледно дека кворум не може да се воспостави. Бидејќи обврска е на парламентарното мнозинство да го прави кворумот по вака важен закон, одобрете ни пауза до 15,00 часот, а ние потоа ќе влеземе и ќе направиме кворум. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Пауза до 15,00 часот.

(По паузата).

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Господине Караџоски претпоставувам сакате да го објасните вашето барање за пауза.

**Жарко Караџоски:** Благодарам претседателе, сакам да објаснам од името на пратеничката група на ВМРО Народна партија зошто побаравме пауза.

Почитувани колеги, господине претседателе, претставници на Владата, на сите овде ни е јасно дека изборниот законик кој што е сега на дневен ред, произлезе од еден договор кој што се направи помеѓу позицијата и опозицијата, во кој што договор ние како пратеничка група не бевме многу вклучени и затоа поднесовме амандмани со цел да го корегираме законот. Искрено очекувавме дека во оваа сала ќе бидат присутни како пратениците на позицијата, така и пратениците на опозицијата, сите оние кои што присуствуваа на оној договор што се правеше со премиерот. Меѓутоа, очигледно и покрај таквиот договор, овдека не гледаме претставници на опозицијата, односно на ВМРО ДПМНЕ и неговите коалициони партнери, што јасно кажува дека опструкција на работата на Собранието прават токму тие. Не сакаме да се сфати дека со нашето излегување ВМРО Народна прави опструкции на сопствени амандмани, но сакаме да укажеме и на јавноста дека очигледно нема компромис и дека очигледно некој намерно ги опструира за да евентуално обвинува некој друг дали изборите ќе бидат во одреден рок или не.

Претеничката група на ВМРО Народна партија, најави дека во 15,00 часот ќе присуствува на седницата и ние сме тука, значи, верувам дека ќе имаме и кворум и ние ќе учествуваме и понатаму во аргументација на нашите амандмани. Сакам само да свртам внимание дека со тоа јасно покажуваме и потврдуваме дека ВМРО Народна партија е за избори пред летото, со тоа што нема да правиме опструкција, а оние другите кои што бараат предвремени избори не се тука во салата, нека мислат и нека си ја земат одговорноста на своја рака.

Значи, единствена причина поради која сме тука е да ги браниме аргументите, а ВМРО ДПМНЕ со нивните коалициони партнери ја прават опструкцијата. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

56 гласале, 9 за амандманот, нема воздржани, 47 против амандманот.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Присутни се 60 пратеника.

Го поништувам гласањето.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Сега имаме 61 пратеник.

Гласањето го повторувам.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен пратеник, 58 гласале, 8 гласале за, 1 воздржан, 49 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 47 за додавање нов став 2, во ставот 1, поднесен од пратениците Љупчо Балковски, Чедомир Краљевски, Спиро Мавровски, Жарко Караџоски, Марија Којзеклиска, Ѓорѓи Оровчанец, Ристо Пејоски, Блаже Стојаноски, Ѓорѓи Трендафилов, Драго Шајноски, Слободан Чашуле и Александар Флоровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда.

**Супхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Господине Стојаноски повелете имате збор.

**Блаже Стојаноски:** Почитуван претседателе, почитувани претставници на Влада, почитувани колеги пратеници.

Покрај тоа што е очигледно дека опструкцијата од страна на оние кои што треба да обезбедат политичка подршка на овој Парламент на изборниот законик продолжува, ние сме тука и ќе ги искажеме нашите аргументи, во однос на амандманите кои што ги имаме поднесено, а се надевам дека тие ќе бидат со внимание проследени, затоа што факт е едно: дека државен интерес на Република Македонија е донесување на добар изборен законик, а тесните партиски политички игри што постојат меѓу СДСМ, ВМРО ДПМЕНЕ и останатите коалициони партии кои се договараа за овој изборен законик, не заради фер и демократски избори, туку заради нивни тесно партиски интереси, ќе ги оставиме да си ги решаваат меѓу нив.

Амандманот 19, или амандманот 40 од списокот за кој што треба да се дискутира се однесува и е во врска со еден од претходните амандмани кои што ги поднесовме, а тоа се однесува на посебни изводи, кои што треба од избирачкиот список кои што треба да се изготват за секое избирачко место, а се однесуваат на лицата што се наоѓаат надвор од Република Македонија, односно лицата кои што со овој Предлог законик се предвидени да бидат обележани со ѕвездичка, а сметаме дека тоа апсолутно не може да биде начин за намалување на злоупотребите со нивните гласови на самиот ден на изборите.

Затоа, во членот 47 по ставот 1, каде што е наведено дека посебни изводи од избирачкиот спосок се изготвуваат за граѓаните кои што за време на изборите се наоѓаат на воена вежба, или одслужување на воен рок, како и за граѓаните кои што за време на изборите се наоѓаат во притвор, или на издржување казна затвор. Согласно членот 193, каде што е наведено дека посебен избирачки список треба да се изготви за внатрешно раселените лица, како што се наведени во овој Предлог изборен законик, предлагаме таков посебен извод од избирачкиот список да има за секое избирачко место и за сите оние кои што во моментот на заклучувањето на избирачкиот список се наоѓаат надвор од Република Македонија.

Не сакајќи да должам повеќе со аргументацијата на овој амандман, затоа што го образложив при нашиот предлог да се брише одредбата, каде што е наведено дека со ѕвездичка ќе бидат обележувани овие гласачи, јас ќе ве повикам со вашето парламентарно мнозинство и со довербата која ви ја даваат вашите договорни страни од ДПМНЕ нивните коалициони партнери, да ја потврдите вашата непринципиелност во однос на проблемите кои што произлегуваат од состојбите кои што ги имаме со избирачкиот список и од злоупотребата со гласовите на лицата кои што се наоѓаат во странство и затоа ќе оставам на вас со гласање да ја потврдите вашата недоследност во однос на прифаќањето на еден концепт, кој што не претставува концепт, туку претставува мешавина на нешто што не е спроведливо и нешто што не гарантира фер и демократски избори. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 7 гасале за, нема воздржани, 55 против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 53-а по членот 53, поднесен од пратениците Љупчо Балковски, Чедомир Краљевски, Спиро Мавровски, Жарко Караџоски, Марија Којзеклиска, Ѓорѓи Оровчанец, Ристо Пејоски, Блаже Стојаноски, Ѓорѓи Трендафилов, Драго Шајноски, Слободан Чашуле и Александар Флоровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Повелете господине Јакупи имате збор.

**Супхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 64 присутни, гласале 57, 4 за амандманот,1 воздржан, 52 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес на член 55 став 4, поднесен од пратеникот Никола Апостоловски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда.

**Супхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Господене Апостоловски повелете.

**Никола Апостоловски:** Благодарам господине претседателе, амандманот го поднесов со цел да се допрецизира ставот 4, со кој се забранува употреба на избирачките списоци на ден на гласањето. Сакав технички да го дорецизираме овој став 4. На избирачкото место воопшто, политичките партии, односно претставнците на политичките партии кои го набљудуваат процесот на гласање, да не користат на гласачкото место избирачки списоци.

Меѓутоа, штом не го прифати Владата, го повлекувам амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 58 за менување на став 2, поднесен од пратениците Рафис Алити, Аднан Јашари и Абдулаким Адеми.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда.

**Субхи Јакупи:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од Предлогот на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 58 за додавење нов став 3 по ставот 2, поднесен од пратениците Рафис Алити, Аднан Јашари и Абдулаким Адеми.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерото за правда.

**Субхи Јакупи:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станвува составен дел од Предлогот на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 64 за бришење на став 5, поднесен од пратеникот Ѓорѓи Трендафилов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда.

**Супхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Присутни се 63 пратеника, гласале 58, нема за, 1 воздржан, 57 против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Амандманот на членот 64 за менување на став 5, поднесен од пратеникот Аднан Ќахил, под архивски број 07/1064/4 и амандманот на член 64 за менување на став 5, поднесен од пратениците Љупчо Балковски, Чедомир Краљевски, Спиро Мавровски, Жарко Караџоски, Марија Којзеклиска, Ѓорѓи Оровчанец, Ристо Пејоски, Блаже Стојаноски, Ѓорѓи Трендафилов, Драго Шајноски, Слободан Чашуле и Александар Флоровски, кои се точки 46 и 47 од Списокот на редоследот на амандмани по кои Собранието ќе води претрес, се идентични со амандманот на член 64 став 5, поднесен од Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците, со кои се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Од овие причини, по овие амандмани нема да водиме претрес.

Отворам претрес по амандманот на член 64 за менување на став 5, поднесен од пратеникот Аднан Ќахил, под архивски број 07-064/5 и амандманот на член 64 став 5, поднесен од пратеникот Никола Апостоловски, кои се точки 48 и 49 по списокот на редоследот, амандмани по кои Собранието ќе води претрес се идентични и по нив ќе водиме единствен претрес.

Отворам претрес по амандманот на член 64 за менување на став 5, поднесен од пратеникот Аднан Ќахил под архивски број 07-1064/5 и по амандманот на член 64 став 5, поднесен од пратеникот Никола Апосотловски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда.

**Сувки Јакупи:** Амандманите не се прифаќаат.

**Љупчо Јордановски:** Амандманте не се прифатени.

Дали некој бара збор?

Господине Апостоловски повелете.

**Никола Апостоловски:** Благодарам господине претседателе, бидејќи беа прифатени претходните амандмани на член 64, овој мој амандман е без предметен и затоа го повлекувам.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот се повлекува. Останува амандманот на господинот Аднан Ќахил.

Го ставам на гласање амандманот на господинот Аднан Ќахил.

Ве повикувам да гласаме.

61 пратеник гласале, 2 за амандманот, нема воздржани, 59 против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманто на член 64 став 5, поднесен од пратениците Благородна Мингова Крепиева, Цветанка Иванова, Ана Андова, Семијал Хасани-Зибери, Соња Лепиткова, Лилјана Ивановска, Ангелка Пеева-Лауренчиќ, Наташа Биковска, Емилија Костадинова, Цветанка Гашоска, Славица Станковска, Селвије Салиу, Назлие Даути, Милка Митковска, Љупче Мешков, Иван Анастасовски, Роза Топузовска-Каревска и Силвана Бонева.

Овој амандман е претпоставувам за рамноправност меѓу половите.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда.

**Субхи Јакупи:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманто на член 65 став 2, понесен од пратениците Тито Петковски,

Славица Станковска, Јордан Михајловски и Иван Анастасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда.

**Супхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Господине Михајловски имате збор.

**Јордан Михајловски:** Почитуван претседателе, ме зачудува зошто не е прифатен овој амандман, бидејќи интенцијата на амандманот е технички да го подобри самиот карактер на законот. Односно, кога поднесителот на листата на кандидатот, односно е кандидат политичка партија, мора да се приложи потврда за регистрација од надлежниот суд. Ние само додаваме во амандманот, во оригинал, или заверен препис. Не е ништо спорно тука, само сакаме да го подобриме. Тоа е целта на амандманот. Значи во оригинал, или заверен препис. Ништо тоа не смета, бидејќи досега се случувало недоразбрање. Ако има заверен препис Комисијата одлучувала, да не го прифати и слично.

**Љупчо Јордановски:** Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 66 присутни пратеници, 57 гласале, 3 за, нема воздржани, 54 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 69 став 2, поднесен од пратениците Рафис Алити, Аднан Јашари и Абдилаќим Адеми.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда.

**Субхи Јакупи:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од Предлогот на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 77 став 1, поднесен од пратениците Тито Петковски, Славица Станковска, Јордан Михајловски и Иван Анастасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Господине Јакупи имате збор.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Господине Михајловски повелете.

**Јордан Михајловски:** Сега можам да кажам дека ме зачудува зошто овој амандман не се прифаќа. Навистина пет дена за испитување на јавно мислење и објавување на определено јавно мислење пред избори е мал период, за да можат определени партии да изразат определено сомневање за определени субјекти во изборниот процес. Десет дена е сосема нормален процес, да не се влијае на процесот на изборите. Сакаме рокот да биде десет дена. Ништо не е спорно. И ова е подобрување на законот.

**Љупчо Јордановски:** Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресто по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни пратеници, 55 гласале, 1 за амандманот, нема воздржани, 54 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 77 за биршење на став 3, поднесен од пратениците Љупчо Балковски, Чедомир Крањевски, Спиро Мавровски, Жарко Караџоски, Марија Којзеклиска, Ѓорѓи Оровчанец, Ристо Пејовски, Блаже Стојаноски, Ѓорѓи Трендафилов, Драго Шајноски, Слободан Чашуле и Александар Флоровски.

Го молам претставнкот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Господине Стојаноски повелете имате збор.

**Блаже Стојаноски:** Овој амандман се однесува на бришење на можноста, на самиот ден на гласањето да има анкета и таа анкета да може да се спроведува пред гласачките места и после ви ри од неколку часа, три или пет часа после завршувањето на гласањето, да може да бидат објавувани овие анкети.

Ние во Република Македонија сме сведоци дека анкетите не служат за ништо друго, туку само за манипулирање со јавноста и за покажување на тоа која политичка партија била голема или мала, која имала или немала некаков рејтинг, иако главен аргумент за тоа секогаш се изборите. Значи, во услови кога граѓаните на Република Македонија треба да го остварат своето право на глас, да се реализира паралелно и некаква анкета околу расположението на граѓаните и тоа пред самиот чин на гласање, јас го сметам, навистина, како една силна можност да се врши влијание врз определувањето на гласачите во поглед на остварувањето на нивното право на глас. Тоа постоеше како можност во некои од претходните закони, меѓутоа ако се сака во законот да се има вакво решение, тогаш треба да се извлечат искуства во поглед на ова прашање. Таму има многу одредби како се реализира анкета на јавното мислење на самиот ден на гласање, со многу силни гаранции дека таа анкета нема да биде злоупотребена за вршење на политичка пропаганда на денот на изборите. Од овие причини сметам дека ВМРО Народна партија дава придонес не само во однос на подобрување на текстот на законикот, туку во

оневозможувањето на злоупотребата или вршењето на влијание на самиот ден на гласање, затоа што вака како што е предвидено, можно е секој да врши анкета и под плаштод на некаква анкета да може да врши политичка пропаганда, иако знаеме дека кампањата завршува 24 часа пред отпочнување на денот на изборите. Заради овие причини сметам дека ќе биде прифатливо и за парламентарното мнозинство оваа алинеја од членот 77 ставот 3 да се брише и на тој начин да се отстрани можноста од злоупотреба на анкетата за политички цели при реализацијата на правото на глас на граѓаните на Република Македонија . Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Чашуле имате збвор.

**Слободан Чашуле:** Благодарам господине претседател, почитувани колешки и колеги.

Која е целта да се има анкета на денот на изборите? Што добиваме како демократија, како општество, како квалитетни избори? Ништо. Непотребно трошење на енергија и згора на тоа овозможување простор за дополнително влијание врз избирачите, во она што и Уставот и Законот го пропишува како изборен молк. И еве да дообразложам зошто мислам дека треба да се прифати овој амандман.

Анкетата се прави и ќе биде објавена на електронските медиуми, дури по изборите. Сега, што ќе добиеме, дека подготвувачот на анкеата бил добар прогнозер, или дека македонското општество созреално до толку, конечно еднаш успева да каже тоа што го мисли и што е најважно она што го кажува и што го мисли, да го направи. Што е добивката на македонската демократија? Јас, верувајте ми, не ја гледам.

Понатаму, бидејќи изборниот молк, вели дека ништо што е поврзано со исходот на изборите не може да биде објавено до 19,00 часот, анкетата, неминовно со својот резултат ќе се објави потоа. Згора на тоа, печатените медиуми се подготвуваат дента и излегуваат утредента и утредента пак во печатените медиуми ќе имаме прогноза. Сега, таа прогноза, некој ќе ми рече ќе ја користиме за научно истражување. Кое научно истражување, дали македонските граѓани лажат на анкетите, или не, бидејќи вистинското на учно истражување ќе се темели на изборите и на резултатите од изборите кои ќе ги имаме исто така вечерта и утредента на маса да ги анализираме од социолошки аспект правците кон кои се движело нашето општество, според тоа чуму анкетата.

Анкетата создава и тоа на избори, каде треба да изградиме атмосфера на доверба, стабилност и да го елиминираме стравот, создава дополнителен стрес за оние кои ќе бидат анкетирани. Тоа значи дека лица во моментот кога ќе размислуваат да гласат, или во моментот кога ќе се упатуваат до избирачките места, ќе им пријде и ќе ги праша што мислите. Што ќе ги праша? Ако ги праша кој ќе победи на изборите, го крши Уставот и законот. Ако ги праша на кого ќе му дадете доверба, исто така. Ако ги праша која партија ви е омилена, повторно врши агитација и пропаганда. Добро, луѓе, зарем не разбирате дека овој дел од законот е во контрадикција со самиот закон, освен ако не ги праша дали мислите дека Охридското Езеро треба да го заштитиме на поефикасен начин, ама таа анкета нема да ја прави на денот на изборите, може да ја прави пред или потоа. Според тоа, покрај тоа што ќе создаде стрес кај нашите граѓани кои ќе гласаат, дава можности и преку дирижирањето на, еве да речеме да се елиминисрат сите прашања поврзани со политичките партии, со завршувањето на изборите, прашањата што ќе водат кон тоа дали имате доверба во ова или што треба а се прави, повеќе или помалку вештите манипулатори, а компаниите кои се ззанимаваат со анкети спаѓаат во делот од комуниколошките науки или поглавјето наречено манпулација со јавноста. Значи преку терање да ти одговори на одредени прашања, бидејќи не очекуваш на директно прашање да ти одговори, да добиеш, као размислува, еве во случајот тоа ќе биде популацијата која е на возраст да гласа. Знаејќи какви сме, а имајќи предвид дека во овој момент една од најважните полемики во нашата јавност е кој манипулира со анкетите, веќе однапред, во еден простор кој за нас е извонредно значаен, како стратешки, додаваме повторно еден елемент, еден инсрумент на кој не му ја гледаме целта, а му ја гледаме манипулативноста и го допишуваме до законот и создаваме уште еден облилк кој може да биде искористен како контрола на избирачите, како влијание врз избирачите. Понатаму, недостига, кога веќе одиме кон тоа како, ако веќе инсистирате, иако јас мислам дека треба да ја отфрлиме таа работа, да го прифатиме бришењето, да го прифатите нашиот амандман, во крајна линија, и така сме сами тука. Дајте да направиме едно државничко мнозинство, ние да си останеме опозиција, вие останете позиција, но, овој корисен амандман усвојте го, да им докажеме на тие што најдоа за сходно да бојкотираат и да го вршат притисокот врз нашето општество, на еден ваков недемократски начин, дека ако си има аргументи може да се договориме.

Знаете,во овие демократии кон кои, јас би сакал пред да заминам во пензија, да се доближиме, постојат излезни анкети. Тие анкети да. Излезната анкета може да биде направена, меѓутоа, таа се прави под строго пропишани правила, се прави на јасно определен законски начин и не смее да се користи, според нашето законодавство, во текот на изборниот молк. Значи, пак го поставуваме прашањето чуму сето тоа. Нема таа анкета да изврши влијание врз јавноса, а ако навистина во пропорционалниот модел, бидејќи излезната анкета за мнозинскиот е многу важна. Во пропорционалниот модел, ние ако направиме закон како што треба, особено ако се вратиме на изворниот концепт на Венецијанската комисија, тој со пропорционална државна изборна власт, тогаш веќе во 19,00 часот ќе ги знаеме

резултатите од изборите. Значи и излезната анкета во тој случај станува без предметна. Сега, замислете, излезна анкета направена на популација некаде околу 11 часот. Доволно е во една непрецизно организирана и омеѓана со слободата на другиот, политичка јавност, кој гарантира дека вака добиените податоци нема да бидат употребени, еве да не речам злоупотребени, еве нема да се објават, но ќе се дојават до изборните штабови и ќе преминат кон примена на она што, имено, со овој закон сакаме да го отстраниме, а тоа е носење на оружје, вршење притисок, колективно гласање, и кршење на кутиите, за да се спречи трендот, ако на излезните анкети гледаме дека таму некаде околу 11 или 12,00 часот, по пат на по посебни алхемиски канали добиени податоци од излезната анкета, заклучиме дека тој за нас е непогоден. Верувајте ми во овој дел од законот, на овој стадиум на развој на нашето општество, не ни треба. Во овој дел од законот, на овој стадиум на одговорност што ја носиме пред сопствените граѓани за да изградиме европски стандарди и да станеме кандидат кој преговара за членство со Европска унија, исто така не ми треба, ништо не ни носи корисно, а создава можност да ни донесе многу проблеми. Затоа станав и заз збор. Прво, тоа е дел и од мојата наука, јас сум се образувал во ова, или верувам дека знам за што зборувам, кога ги укажувам на можните комуникациони шумови во едно општество, во даден момент кога тоа општество треба да се мобилизира и слободно да донесе одлука. Според тоа, дајте да им покажеме на сите тие што сакаат на улица да вршат политички договори и што со разни бојкоти го опструираат нашето приближување кон кандидатскиот статус, со дата на приговори, да им покажеме дека можеме овде со валидни аргументи да постигнеме политички договор и да го подобрите текстот на законот кој е од судбоносно значење за Република Македонија, пред се за нашите граѓани. Да им докажеме на тие што своите партиски фотелји ги бранат со бојкот, дека треба да отстапат и да дојдат овде и да гласаме. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Оровчанец имате збор.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Благодарам господине претседателе.

Прво би искажал едно задоволство што после толку време, значи после неколку дена дискусии околу амандмание, власта односно позицијата дури сега, после толку време успеа да си обезбеди кворум. Лично мој став, до колку не беше дефиниран овој кворум е дека јас би ја напуштил оваа седница, затоа што, на кого би зборувале и на кого би ги кажале своите сугестии и кој да не слушне, ако не оние кои ќе глалаат овде и кои ќе можат да ја изменат состојбата со овие амандмани, за на крај сепак да добиеме еден изборен законик кој, се надевам, ќе го засллучиме. Како е тргната работата, оди наопаку. Затоа се јавувам, да кажам дека и овој амандман што го предлагаме да се брише овој став 3 од членот 77. Со кое образложение.

Прво, треба да бидеме свесни за кое општество ние зборуваме, за какви услови зборуваме и не би сакал од голем број на елементи што мојот колега Чашуле овде ги презентираше, да се повторувам, кои се премногу валидни за да би можел јас по втор пат да ги образлагам пред вас.

Точно е дека во западните демократии постојат такви анкети, што ги нарече колегата Чашуле, излезни анкети, или кај нив познати како игзикул анкети, но тие се однесуваат со сстрогодефинирани правила, со строго дефинирани прашања кои се однесуваат исклучиво на излезноста и мотивот на излезноста, за самите избори. Кај нас така не се сфаќа. Таа анкета може да ја спроведува само специјално овластена организација која треба да ја спроведе. Меѓутоа, тоа може да успее во една демократија која е 200 години демократија. Но, кога ние овде се трудиме да стигнеме до некои фер и демократски избори, во овие услови како е наелектризирано се, јас можам да ве прашам како ќе изгледа таа анкета на терен.

Прво, таа во с тарт не може да биде објективна, научно гледано. Зошто не може да биде објективна? Затоа што ние не можеме со влезни параметри, валидни, да располагаме за да можеме да направиме статистички анализи по кои статистички анализи валидноста на тие резултати би ги дефинирале како вакви ли такви. Зошто? Избирачкиот список нам ни е пореметен. Значи гласачкото тело како такво не ми е дефинирано. Ние имаме максимум 1.480.000 гласачи во оваа држава. На список имаме 1.760.000. Значи таа разлика, веднаш, во влезот на таа анкета создава таква една состојба што вие никогаш не можете да извлечете валиден заклучок.

Второ, тие анкети кај нас не можат да се третираат на тој начин и можат да послужат за нешто што би било многу лошо, инкопатибилно за фер и демократски избори. Зошто? Затоа што можете да добиете одредени резултати кои нема да се сметаат на излезност, туку статистики, која партија како стоела во тој момент, или незнам што, па кога ќе се случат изборите, па анкетите ќе се објават после тоа, па се јавиу таа дискпрепанца помеѓу анкетите кои секогаш можете да ги монтирате како сакате, со она што е реално, а тоа е резултатот на из борите, добивате една ситуација, на одредени политички субјекти да им дадете алиби да тврдат дека на тој ден се сллучиле такви и такви фалсификатик, затоа што анкетата потврдува дека они многу добро стоеле.

Понатаму, јас не исклучувам уште една можност, која кај нас е можна, а тоа е психолошкото влијание на оние ои ќе анкетираат и кои ќе можат да злоупотребуваат, па народот стално се прашува. Во принцип ние сме кодошка нација, кај нас се е кодошко. Што правиме. Ќе дојде некој ќе го прашуваш како ќе гласа, што ќе гласа, па веднаш ќе мисли, овој е дојде н овде, па ако кажам вака, ќе ми кажат онака, па ќе изгувам

работа, па незнам што ше ми се случи. Тоа е многу едноставно и многу е јасно, а верувам дека тоа и ќе случува од страна на тие таканаречени овластени испитувачи за да вршат одредена пропаганда и влијание на самиот ден на изборите. Сега се прашувам до каде ќе стигнеме: До фер и демократски избори? Ни треба врем на искуство во демократијата за да јстигнеме до ваков член во Законот, за да можеме да дојдеме до ситуација да се прават научно издржани експертизи околу излезеноста, не околу гласањето. И ова е погрешно овде напишано. Јас мислам дека и Министерството треба да размисли, едноставно да го избрише овој член затоа што овој член еден од оние кои може да поравaт и влијание да носат алиби и едноставно да го дискредитираат целиот изборен систем.

Јас ве молам да го согледате ова и да гласате за бришење на овој член според амандманот кој го имаме мподнесено. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Флоровски, имате збор.

**Александар Флоровски:** Добро, еве ќе почнам јас.

Амандманот 22 предложен од пратеничката група на ВМРО-Народна партија. Ставот 3 да се брише. Ставот 3 гласи вака господа. Испитувањето на јавното мислење може да се врши на самиот ден на изборите, а резултатите се објавуваат по затворањето на избирачките места. Зошто бараме да се бриши? Од едноставна причина, затоа што после 19,00 часот е се ирелевантно или небитно. Тогаш нас веќе не не интересира партиските ставови што кажуваат, што ќе каже мост, што ќе кажат други владини невладини агенции. Битна ни е една работа. Релевантните показатели понудени од Државната изборна комисија ќе бидат тие кои треба да се прифатат како валидни или невалидни. Зошто бараме да се бришат. Од едноставна причина, за да не се створи дополнителен сомнеж и да ни се појават дисонантни тонови од типот на...

(Пратениците во салата меѓу себе си разговараат).

Многу сте растревожени, не знам, очигледно многу работите.

Значи, тука сакам да кажам да не внесе дополнителен сомнеж, во прилог сакам следното да го кажам,или во контекс, или следствено, како сакате, ни се случува Државната изборна комисија, на пример до 16,00 часот да каже дека имало 42% излезени, МОСТ да излезе да каже дека има излезено дека има 55% излезени, да излезат уште пет агенции, или политички партии да речат дека имаат толку и толку проценти излезени.

Веднаш на стартот јас како личност не верувам дека и граѓанството на државата ќе се праша кој е тој релевантен податок, на кого ние можеме да му веруваме. Вие мислите дека некој на денот на изборите ќе ја почитува целата оваа работа која овде стои како став 3?

Па, на последните претседателски избори имавме буквално навивање за одредени политички кандидати. Истата работа господа правдаши, ...

(И понатаму пратениците меѓусебно се договараат).

Не можам да се разберам со вас господа никако. Некако многу отсутно ми делувате, не знам што е работата. Дајте сослушајте, имајте малку чест ако не повеќе, годините да ни ни ги почитувате да не говориме и за функцијата.

Значи, имавме ситуации каде што одредени новинари, известувачи буквално навиваа и за политички партии и на последните парламентарни избори 2002 година, 2005 година на локалните и на претседателските избори. Прашањето дали таа работа вие ќе успеете воопшто да ја спречите со незнам кој казни мора да бидете ригорозни, јасни и децидни дека тоа е кршење на молкот и ставање на страна на одреден економски медиум, на страна на одредена политичка партија или на страна на одреден политички гигант, во случајот кога се работи за две исти личности, како што беа претседателските избори. Имавме буквално навивање и повикување ајде уште малку, толку се излезени на пример во Кратово, од каде што е претседателот, во Штип излезени 60%, Чаир 25%, од нив толку албанци излегуваат, од нив толку македонци. Имате една ситуација, да не кажам трагикомична. Овде ни нудите вие решените пост фестум. После смрт барате болест. Нема. Нема, пациентот отиде. Што ќе ми се мене извештаи од релевантни политички институции, или владини, или невладини организации да ми кажат што се случувало за време на изборите после 19,00 часот. Знаете ли колку ми е гајле, 19,00 часот се затвора, се стават клучевите, се пребројуваат гласовите, има избирачки комисии, има посматрачи, потпишуваат, имаат заеднички записник и го нудат. Кој не го потпишува ќе почне да се жали, а има и такви работи многу, тоа е усталена пракса кај нас. Нас не не интересира што ќе се случува после 19,00 часот. Нас ни е битно од 07,00 наутро до 19,00 часот навечер што ќе се случува. Па, ќе имаме извлекување на партиски потпароли кои ќе ни кажуваат едно, па ќе се јави друга политичка партија ќе ни кажува сосема друго, па ќе се јави вообичаено Државната изборна комисија која е секогаш успиена и касни, има само 15%, на пример до 22,00 или до 20,00 преброени гласови и хорнично се ненаспани, или не ги бива и ни дава податоци кои во политичките штабови едноставно веќе ги имаат разгледано. На кој начин? СДСМ повеќе преку телефон, многу едноставно, многу просто. Изборна единица таа и таа толку гласови имаат првите три политички партии. Во ера на компјутери Државната изборна комисија да нема релевантни податоци, толку е просто и едноставно. Значи, за да не бараме умрениот да воскресне, затоа што не може освен господ Исус Христос, да не бараме, па бараме да го бришете ставот 3 од членот 77 сметајќи дека ова што го нудиме е водечко решение, затоа што

фрлате сомнеж, не гледате ефект од ваквото решение, и како трето ќе може да се манипулира, ќе манипулираат сите политички партии. Многу од работите во текот на процесот ќе се доведат под знак на прашање.

Значи, повторно сакам да кажам дека со ваквите решенија сакаме да ви помогнеме или да ве ставиме во мислење да размислувате дали со ова што го нудиме може да помине или не. Вас ви е битна една работа се до 19,00 часот. Европа тоа го бара од вас. Ова решение не само што е излишно, воопшто нема потреба да стои тука. Ставот 1 и ставот 2 доволно кажуваат кој што и како врши. Значи, ставот 3 бришете го и немојте со бразложение прифаќаме или не прифаќаме. Дајте, ќе се замениме, иако законот го читав на лице место и кардинирав, не го читам однапред, член по член и она што го нудиме, таа работа што вие ја нудите ја вршам десет пати подобро и со максимално образложение.  Излезета и кажете еднаш зошто не прифаќата. Кажете господа пратеници не прифаќаме заради ова, ова и ова. Сметаме дека ваквото решение нудено од експертите во Министерството за правда смета дека ова е добро. Не. Ова ви е излишно решение и затоа бараме да се брише а на вас е господа дали ќе бришете или не. Само си ја оптоварувате состојбата во која се наоѓате. Се до она кое што на некој начин го браневме, сите амандмани кои ги браневме на некој начин сметам дека се логични. Тие што сметаме дека имаат шанси да опминат, или имаат шанси да паднат знаете дека воопшто не дискутираме. Знажи дискутираме по решенијата кои ги сметаме за логични и затоа сега кога ќе седнам а сигурно допрва ќе дојдат амандманите од ВМРО-Народна партија немојте ве молам со  образложение "се прифа" а, или "не се прифаќа. Добро е ако се прифати затоа што станува составен дел на текстот, но ако ни кажете не се прифаќа ценете го барем нашиот туд. Не го прифаќате и кажете дека заради тоа што решението не е добро. Една просто проширена реченица, ништо повеќе. Благодарам.

**Љупчо Јордановси:** Благодарам. Од пријавените додека зборуваше господинот Флоровски, дали има некој за реплика? (Нема).

Господине Мавровски, повелете имате збор.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседтеле,

Членот 77 јас би го гледал комплетно и мислам дека бришењето на ставот 3 можеби е некое логично решение за овој член, покрај тоа што според мене и ставот 1 мора да се избрише, затоа што гледаме што се случува деновиве и години наназад во Република Македонија.

Значи, членот 77, испитувањето на јавното мислење се објавува најдоцна пет дена пред денот определен за одржување на изборите. Денеска никој од нас не знае колку дена и колку месеци сме пред изборите, па секоја анкета, секое вакво мислење мислам дека прави едно такво дефокусирање на комплетната македонска јавност што освен за тоа апсолутно за ништо друго не се зборува, за жал. Значи, тука почнува и завршува се.

Ова што го кажувате во ставот 3, тоа е уште пострашно од ставот 1. Испитувањето на јавното мислење може да се врши на самиот ден на изборите, а резултатите се објавуваат по затворањето на избирачките места.

Случајно или намерно јас успеав на мојот мобилен телефон да ја задржам пораката која што ми беше испратена како и на сите гласачи во Република Македонија од некој НДО Парламент на 28.04.2004 година, 14,51 часот. Ливчето не може само да стигне до кутијата, излези и гласај, НДО Парламент. Ова сигурно го имавте вие и сите преплатници на Мобимак, но никој не кажа кој го плати сето ова, како го плати и која е целта на сето ова.

Мислам дека она што говориме за изборниот законик, и она што треба да внимаваме сите од 07,00 до 19,00 часот да биде се коректно и да се држат и политички партии и плакати да не се лепеле во близина, во радиус од незнам колку метра, како што се бара од одредени личности и партии во Парламентот, ние сега стигнуваме на самиот ден на изборите некој да прави анкета. Сега сите ние останатите треба да веруваме дека таа анкетна ќе биде како што треба, ќе се испита јавното мислење, тој нема да влезе во куќата и да инсистира кој за кого да гласа, дали да излезе, или дали излезе и дали не е тоа директно влијание врз гласачите во Република Македонија.

Јас не можам да ја сфатам целта на ставот 3 освен ако не е така, затоа што вториот дел од реченицата - резулттите се објавуваат по затворањето на избирачките места апсолутно е небитна ситуација, затоа што тие резултати може да не донесат во една погрешна ситуација, како што за жал години наназад добиваме такви погрешни информации од анкетите и испитувањата на јавните мислења, затоа што ќе ве потсетам уште еднаш дека некој 1990 година на првите парламентарни избори имаше рејтинг 2,17%, а доби 34 пратеници, или повеќе во овој Парламент. Значи, ако гледаме по тоа сите оние што ги правеле тие анкети веќе не треба да постојат, затоа што таквата дезинформација, таква лага никаде во светот не се третира.

Понатаму, на последните локални избори се случи повторно ваква ситуација во која што една партија како ВМРО-Народна не беше, како што кажа мојот колега Трендафилов ни во квадратчето, но успеа да добие толку гласови што сета уште некој ги боли главата, а на крајот ќе добие уште повеќе. Но, сега што да правиме. Тоа е тоа, анкети не помагаат треба да се работи.

Ова што е кажано во членот 77 не знам кој е идејниот творец, или мислител на оваа голема идеја од малиот мозок, затоа што ваква ситуација верувајте ми апсолутно не може никој да ја смисли. Вие направивте на самиот ден анкета и испитување на јавното мислење, на самиот ден да одите по куќите, по телефони да барате и ова што ви го прочитав од НДО Парламентот, ако е

тоа целта, некој да биде повикан или некој воопшто д биде натеран да не излегува и да имаме причина зошто е тоа така, тогаш треба да се каже. Цело време говориме за фер, коректни и демократски избори. Дали ова е демократски и фер, мислам дека апсолутно нема ништо заедничко ни со демократијата, уште помалку со она што значи правила на однесување и во Европската унија и во било која паметна држава што постои на овој свет. Мислам дека за ова не гледам апсолутно ниетна причина Владата и министерката да не го прифатат сето ова. Овој став 3 да се брише со тоа што и ставот 1 за мене е апсолутно непредметен и мислам дека нема воопшто зошто да разговараме, затоа што најдоцна пет дена пред денот определен за одржувањето на изборите, тоа чисто ќе се употреби во политичките кампањи и пред кампањи во кои што се знае кој што се зборува, кој што се ветува, кој што може се ќе плати анкета и тоа ќе го изведе и после тоа што? Апсолутно ништо. Поминуваат 4 години, ништо од тоа не се исполнува, ништо од тие ветувања нема, тие напумпани бројки веќе паѓаат во вода и се завршува како што завршува.

Ако сакаме и понатаму вака да функционираме тогаш се е во ред, но мислам дека ако нема доблест од министерката и од Министерството за правда вие како пратненици пред малку донесовте неколку амандмани, кој што мислеше, како мислеше, но важно сите гласавте и ги изгласавте, а ќе мислите после тоа. Затоа сега треба да размислите и дали за овој амандман предложен од ВМРО-Народна партија треба да се гласа или не, јас мислам дека треба да го поддржите сите. Благодарам.

(Со седницата продолжи да претседава господинот Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието на Република Македонија).

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мавровски.

Господине Стојаноски, имате процедурално, повелете.

**Блаже Стојановски:** Господине потпретседателе, да не продолжуваме да изнесуваме нови аргументи во поглед на ова решение кое што навистина не држи во законикот и за кое што не знам што не беше изнесено, јас би замолил да го прашате Министерството за правда уште еднаш да го каже неговиот став по однос на овој амандман, затоа што навистина да дискутираме непотребно, а на крајот пак да биде прифатено не гледам никаква логика.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Стојановски, но претставникот на Владата се изјаснува на почетокот на амандманот. Никој не му оневозможува доколку во текот на расправата оценат дека треба да се јават, така да нема повреда на процедурата.

Продолжуваме понатаму.

Има збор пратеникот Славица Станковска.

Повелете госпоѓо Станковска.

**Славица Станковска:** Благодарам потпретседателе,

Нависина од она што го кажа колегата Стојановски може и нема место, или нема потреба да се кажат и да се кажуваат нови аргументи во насока на амандманот кој е предложен, но сепак чувствувам за потребно да се пријавам за збор и да го изразам сопственото мислење.

Јас не знам зошто предлагачот на законот не го зел во предвид овој амандман. Единствено ова е логично за одбивање на амандманот гледано само во имињата на предлагачите, кои за предлагачот на законот можеби не вредата да размислува и воопшто за решенијата, иако од страна на луѓето кои сега седат на другата страна на Собранието многу често има амандмани кои квалитетно многу ги подобруваат законите.

Јас сметам дека навистина ставот 3 од членот 78 нема потреба да стои во предложеното законско решение, заради тоа што навистина која е целта и на кого ќе му служат резултатите од некое јавно испитување пост фестум односно после завршување на изборите. Дури сметам дека доколку разликата во изборните резултати и испитувања на јавното мислење дијаметрално е голема, се разликуваат, дури може да доведе и до сомнеж во регуларноста на изборниот процес, или пак може да охрабри поединци и поинаку да се спротивставуваат на изборните резултати.

Навистина сметам дека овој став нема потреба да стои и јас ќе гласам за амандманот. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Господине Макрадули, реплика или дискусија.

**Јани Макрадули:** Дискусија.

**Слободан Најдовски:** Во ред.

Има збор пратеникот Марија Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам потпретседателе.

Нашите аргументи ќе продолжат затоа што Министерството за правда се изјасни на почетокот, но белки ќе ги убедиме пратениците на парламентарното мнозинство да го подржат амандманот. Ќе дадам еден пластичен пример, почитувани колеги, за постоењето или опасноста од постоењето на овој став 3 кој вели дека испитувањето на јавното мислење може да се врши на самиот ден на изборите, а резултатите се објавуваат по затворањето на избирачките места.

За време на парламентарните избори 2002 година во Основното училиште "Тошо Арсов" во Штип, каде што постојат три избирачки места, после оградата на самото училиште беше поставена една клупа, на неа беа поставени анкети и припадниците на таа групација што беше таму ги носеше ознаките на БРИМА ГАЛУП. Нивната цел или нивното присуство го образложуваа со тоа шт на секој гласач кој влегува на тоа избирачко место, мора да го помине дворот додека дојде до едно од трите избирачки места, го прашуваат за која политичка партија ќе гласа, кои се неговите

фаворити и ред други прашања, односно пополнуваат прашалници самите избирачи пред да влезат на избирачкото место. Ако тоа не се смета како една од агитациите на самиот ден на изборите, за кои велиме дека се забранети, е аргумент за да можат пратениците да го гласаат овој амандман, поднесен од ВМРО-Народна партија. Како што рече колегата Спиро Мавровски, ајде да го читаме членот од почеток. Во ставот 1 убаво се вели дека испитувањето на јавното мислење се објавува 5 дена пред денот определен за одржување на изборите, додека ставот 2 го прецизира начинот и учесниците во испитувањето на јавното мислење и ставот 3 доаѓа како исклучок од претходните два става. Се прашувам кому му треба ваков исклучок на денот на изборите да го испитува јавното мисление. А велиме дека имаме изборен молк од 24 часа пред денот на одржување на изборите, од друга страна, дозволено е испитувањето на јавното мислење, туку ќе биде според искуството што го имаме влијание на гласачите да гласаат за оваа или друга политичка опција. Ако сето тоа се земе предвид, сметам дека овој амандман е неопходен за да можеме да не влијаеме на гласачите и во крајна линија, она за кое сите се удираме во гради, фер и демократски избори. Затоа се прашувам кому му треба ваков амандман, дали на БРИМА ГАЛУП, дали на некоја друга агенција која треба да земе паричен надоемст за да изврши испитување на јавното мислење на денот на изборите.

Вкупното мислење во континуитет го вршат определени - не можам да кажам дали се квалифицирани, дали се регистрирани, агенции за вршење на испитување на јавното мислење, меѓутоа, факт е дека постојат и секој втор ден на различни емисии го имаме рејтингот на политичките партии. Ако од ноември наваму, а сега сме крајот на март, континуирано го испитуваме јавното мислење, не ми е јасна логиката зошто на денот на изборите треба да го испитуваме јавното мислење, а велиме дека имаме изборен молк 24 часа претходно. Ако вие не сте ги убедиле гласачите и граѓаните за време на изборната кампања, ако вашиот рејтинг за тој период паднал или се покачил за одреден процент, тогаш на денот на изборите, ако го испитувате и вие јавното мислење, поголема е веројатноста да го уништите тој процент отколку да го зголемите.

Затоа, апелирам до парламентарното мнозинство да го подржи амандманот, предложен од ВМРО-Народна партија. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Јани Макрадули.

Повелете господине Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам господине потпретседател.

Ќе се обидам да дадам образложение зошто пратеничката група на СДСМ нема да го пдоржи овој амандман, предложен од ВМРО-Народна партија, а што е интересно, подржан од пратениците членови на Новата СДСМ на господинот Тито Петковски, што не е лошо, со оглед на тоа што повторно се наоѓаат на истиот терен, онака како што гласаа за Новата териоторијална организација.

(Реакција од пратеник со зборовите, "не бегајте од темата").

Прво, од темата избегаа повеќе пратеници, бидејки зборуваа за различни работи , а јас ќе се обидам сега, иако не треба да полемизираме за нешто што не е предмет на амандманот, но сепак, имаше и такви дискусии.

Овој амандман воопшто не се однесува на тоа дали одзивот треба да се кажува или кој како го кажува, па затоа да не го мешаме терминот "одзив" во овој случај, кој што нема врска со овој амандман и со членот кој го регулира испитувањето на јавното мислење.

Второ, беше кажано од повеќето потписници на амандманот дека можеби во некоја европска земја или висока демократија ова е можно. Ние во СДСМ сакаме и на тоа работиме овие избори да бидат по сите европски принципи, по сите европски теркови и така ја третираме Република Македонија, како земја кандидат во која ќе владеат европски принципи. Во тие европски принципи секој што се залага дава можност некој што е акредитиран за тоа и затоа ние предложивме амандман во кој можат мониторинг да прават само институции со кредибилитет, со повеќегодишно искуство, да направат испитување на јавното мислење кое ќе биде објавено после 19 часот. Тука ќе го најдете тоа како препорака од ОБСЕ и од ОДХР во однос на зголемената контрола или мониторинг во оджувањето на изборите. Впрочем, и вчера истиот член постои и во Изборниот законик по кој се одржамаа изборите во Украина, а за уште поголема вистина истиот член постои и во претходниот закон по кој сме биле на избори во 2002 година. Политичката пракса вели дека најголемо зло може да си направите на својата партија ако манипулирате со анкетата и мислам дека сериозните политички партии нема да влезат во менување на резултатите од анкетата, видејки тие се покажале дека се контрапродуктивни за самата партија што го прави тоа. Најнеодговорно би било од секоја партија, зборувам лично за сопствената партија, за било која партија зборувам кога таа ќе влезе или ако велзе во менување на она што е виситнски мониторинг од теренот и вистинска анкета на теренот. Во 2002 годиан СДСМ и колаицијата "За Македонија заедно" имаше предност 3:1 во однос на тогашната позиција, па резултатот овде во клупите е 1:1,8. Ќе се согласам со тоа што некој го кажа дека најдобрата анкета е таа од 7,00 до 19,00 часот вечерта и потоа да ги погледнеме резултатите. Останува она што ние го прифативме како препорака на ОБСЕ да им се даде поголема ингиренција на Советот за радиодифузија, злоупотребите што одредени медиуми ги прават, за жал, бидејки не

се само тука политичките партии. Ако сакаме да градиме демократски институции со висок европски критериум во Македонија, тогаш истото да се однесува и за медиумите. Злоупотребите кои тие ги правеле понекогаш да бидат под строг мониторинг и за тоа да има поголема надлежност, поголем капацитет и тоа ќе го најдете во било коај препорака на ОБСЕ, не само за овој Изборен законик туку и за некои претходни избори што постоеле во Република Македонија. За нас како политичка партија работата е најбитна, нормално сопствените анкети ги цениме, но да не направиме сега некоај фама од испитувања на јавното мислење кое ќе се објави после 19,00 часот каде што целата работа ќе биде завршена. Да оставиме простор на институциите кои се задолжени за вршење на мониторинг или за испитување на јавното мислење, ама согласно ставот 2 каде што треба да се знае и нарачателот и компетенциите, компетенциите на тој што го прави сето тоа евентуално ако сака бидејќи во ставот стои " може ", да си изврши една анкета која потоа може, а не мора да ја објави некој од медиумите во Република Македонија, бидејки сите ќе бидат сконцентрирани на штабовите на партиите од каде ќе ги добиваат првичните инфорамции или ќе се согласам најбрзо што треба да го направи тоа е Државната изборна комисија со помош на информатичката и комуникацисктата технологија брзо да излезе со првични резултати. Затоа, да не ги мешаме тие активнсоти со она што е дух на членот, нешто што постои во досегашниот Закон, нешто што е препорака и нешто што апсолутно не треба да фрли сенка на донесувањето на овој изборен законик, бидејки ние не бегаме ниту од транспарентноста, ниту од јавноста во целокупниот изборен процес, посебно како партија која некој сака да каже дека ја има целата тежина на изборниот процес во во владеачките партии. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Макрадули.

Три минути реплика за господинот Александар Флоровски, а потоа за госпоѓата Славица Станковска.

**Александар Флоровски:** Благодарам.

Претпоставував што ќе каже господинот Макрадули па заради тоа го стиснав копчето десет петнаесет секунди пред него, а тоа се вика "брзи прсти" и од прилика кој во кој правец се движи, кој како размислува, нормално како координатор да ги брани ставовите на СДСМ, а тоа не е далеку од умот.

Господине Макрадули, и ние сме за европски принципи како што е СДСМ, и ние ќе бидеме заеднички чинители со власта на функција на демократските избори, не бегаме од тоа, некои други бегаат. Значи имаме еден сосема чист приод.

Во сите мои досегашни дискусии по амандманите реков една конкретна работа, која денес апсолутно ја потврдивте. Кога ви одговара се повикувате на ОБСЕ и ОДХР, кога не ви одговара едноставно замижувате или апсолутно ги отфрлате нивните забелешки како да не постојат. За мене тоа претставуваат два различни аршина поаѓајќи од дневнополитички интереси, што во превод значи политиканство, а не водење на една конзистентна права политика.

Што се однесува до искажувањето на јавното мислење како што се БРИМА ГАЛУП, ИРИ, МОСТ и т.н., сведоци сме не само деновиве туку station назад подолго, значи после Нова Година на разно-разни анкети на разно-разни проценти, но факт е дека сите овие се финансирани од одредени организации, донатори и дека сите застапуваат нечии политички интереси. Кога врши испитување БРИМА ГАЛУП, тогаш процентот е - вие сте најголема позициона партија, ВМРО-ДПМНЕ с е декларира за најголема опозициска партија и процентот е приближно тука, 3 до 4 проценти. Тоа можете да го забележите ако редовно ги читате весниците. Додека ВМРО-Народна партија како да не е пласирана, секогаш се движи на 0,5%, 0,6%, па 2% и сега стигнавме до 2,1%. Тоа е голем напредок за нас, а теренот ќе каже некоја сосема друга работа. Кога врши испитување ИРИ, тогаш иамте еден сосема друг процент, вие имате 17 - 18%, ВМРО-ДПМНЕ има 27 - 28%. На крајот кога ќе го сумирате сето ова ќе видите дека овие таканаречени невладини организации , кои фактички профитираат од парите кои доаѓаат од страна, им служат само за една работа, како покритие за не така успешно завршената работа, потрошените пари за да можат да ги оправдаат, да не кажам да ги исперат. Значи овде немаме фактички организација која ќе каже релевантно што се случува на терен и затоа ние се чудиме на разно-разни информации и дезинформации кои се пласираат.

**Слободан Најдовски:** Благодарам. Измина вашето време.

**Александар Флоровски:** Еве, прекинувам. Затоа што немаме објективно кој ќе испита што е тоа што се случува на теренот. Значи сите не маткаат, сите не лажат парите да ги соберат.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Три минути реплика за пратеникот Славица Станковска.

Повелете госпоѓо Станковска.

**Славица Станковска:** Благодарам потпретседателе.

Почитуван колега, верувам дека немате проблеми со слухот. Јас уште еднаш ќе потсетам, а верувам дека другите слушнале...

**Слободан Најдовски:** Ве молам, госпоѓо Станковска без навреди. Барем до сега не ве познававме таква. Ве молам немојте да навредувате. Продолжете.

**Славица Станковска:** Ве молам, потпретседателе да не ме прекинувате, заради тоа што кога колегата рече дека настапувам во име на партијата требаше да го опомените. Јас не

реков дека настапувам во име на НСДП, реков дека настапувам во сопствено име.

На вас колега и на мојот колега доскорешен многу му е јасно и познато дека имам сопствен став без разлика каде и со кого ќе настапувам. Тоа го правев и кога бев во СДСМ, тоа ќе го правам и понатаму.

Фрустрациите и состојбата психолошка во коај се наоѓате не мора јавно да ја изрекувате...

**Слободан Најдовски:** Ве молам, повторно ве опоменувам госпоѓо Станковска, ако продолжите ќе ви го одземам зборот. Ве молам.

**Славица Станковска:** Едно сакам да му кажам на колегата.

**Слободан Најдовски:** Но ве молам да се однесувате онака како што доликува на пратеник..

**Славица Станковска:** Како тој говореше, јас така ќе му реплицирам. Во случај кога ќе бидам овластена да изнесувам мислење на некоја партија или партија на која припаѓам или ќе припаѓам, тогаш сигурно ќе имам подемократски методи и нема да го злоупотребувам правото кое го злоупотребуваше колегата да настапува во наше име, многу често неконсултирајки не и неинформирајки не. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Станковска.

Господо пратеници, ќе ве молам да се однесувате доследно на она што е во Парламентот. Молам, без дофрлување.

Повелете господине Макрадули, една минута контра реплика.

**Јани Макрадули:** Мислам дека го спуштивме нивото овде во Собранието, очигледно во последните клупи таму не се слуша и затоа ќе останам без реплика.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Макрадули.

Три минути реплика за господинот Спиро Мавровски.

Повелете господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Колку се слушате тоа е ваш проблем, но има и слушалки, како што вели господинот Чашуле. Во секој случај, нашата реплика во однос на она што го кажувате за Европската унија и европските земји дека ние се стремиме кон такво гласање и мораме тоа да го направиме, јас само ќе ве потсетам едно, на кое бевте сведок и вие во сите овие години station наназад, а тоа е во Европската унија сигурно нема вакво полнење на кутии, нема процент од 102,3 од едно гласачко место, нема кршење кутии, нема пукање и нема убиства на гласачките места, нема 6 илјади невладини организации кои се активни само во последните две недели пред изборите и после тоа ги нема никаде цели 4 години и не се јавуваат ниту за сиромаштијата, ниту за бедата, ниту за невработеноста, ниту за економскиот хаос, но приговори има само со ретки исклучоци. Во Европската унија нема полициско обезбедување околу и на гласачките места и повторно некој треба понатаму полицијата да ја штити, затоа што некој влегол со оружје таму каде што не треба. Ќе ве потсетам уште една работа што во Европската унија ни во сон не можете да ја сонувате, а тоа е анкетите и јавното мислење. Ако во 1990 година некој со 2,17% победил на тие парламентарни избори, а другите по сите јавни мислења, тоа е СКМ ПДП, имаше 41,35% и ги изгуби изборите, за што тука говориме, за кое јавно мислење, за кои анкети и за кои испитувања на овие ситуации. Мислам дека на сите ви е многу јасно, а тоа е што во овој момент ве мачи нешто дека некој бил заедно на локалните избори, за локалната самоуправа, за референдумот, вие треба да се вратите и малку поназад да ги видите и претседателските избори и многу други избори кои се случуваа во Република Македонија и да ги видиме сите анкети за да знаеме што и како се случува во Република Македонија. Мислам дека СДСМ во овој момент и како координатор, ја насочувате погрешно пратеничката група, затоа што овој амандман мислам дека мора да се прифати, затоа што мислам дека е надвор од здравата логика и она што сакаме да имаме фер и демократски избори. Кои се вашите видувања јас не знам, но мислам дека логиката говори дека овој трет став од член 77 апсолутно не кореспондира ни со Европската унија ни со Законот ниту со фер и демократски избори. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мавровски.

Една минута контра реплика за пратеникот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Еве сватете дека ја почитувам правата логика што потписници на овој амандман се пратеници кои гласале за овој ист став од 2002 година и потписници се министри што биле во Владата што го предложила тој закон овде во Собранието.

Еве, по таа логика се водам и јас. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Три минути реплика за пратеникот Слободан Чашуле.

**Слободан Чашуле:** Благодарам господине потпретседателе.

Господине Макрадули сите ние растеме и зрееме и човек може да ги промени во разумна, демократска, врз аргументи фундирана дебата овде и да го смени мислењето. Дебармаалци велат не сум ѕид па да не се свртам, а особено ако ме убедите и ние се убедивме во меѓувреме.

Меѓутоа, среќен сум што постигнавме полека, полека согласност околу две прашања со вас.

Првото е Комисијата треба да излезе што побргу и вистинската анкета за изборите и второто е дека вие и ние, бидејќи ДУИ, значи вашата коалиција и ЛДП гледам се тука, макотрпно работиме да направиме европски законик и тука се согласуваме.

Е, сега каде ви реплицирам и во што не се согласувам со вас.

Господине Макрадули, самите ја спомнавте Украина, таа ми е постојано пред очи. Вака една неквалитетно изведена анкета како што ние ќе направиме на излезот на избирачките места може да стане орудие за манипулација. Во најнеповолната варијанта создадена со бојкотот да биде една таква изманипулирана анкета повод за украинско сценарио во Македонија. Јас на мојата држава не и сакам таква разврска и иако се држам доследно до тоа дека граѓаните имаат право и со бунт да го искажат своето несогласување, не сакам дента на изборите, заради манипулација со анкети, да ни излезе народот на улица и да ни ја сруши целата демократија и целата иднина.

Има и друга страна на медалот, а тоа е со манипулација на анкетата може дури да се оправда евентуалното манипулирање со изборите, затоа најдобро е да ја немаме таа анкета и да си ја завршиме работата онака како што треба. Во крајна линија партиите се учесници на изборите. Партиите носат одговорност на изборите и ако ние партите се договориме да правиме европски избори, нема потреба од контроли, од било какви алхемии и механизми за бирање на државни изборни комисии. Секоја државна комисија при таков договор ќе си ја заврши успешно работата.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Чашуле.

Една минута контра реплика за пратеникот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Јас ќе се согласам дека анкетите што некој интерно им ги сервирал на ВМРО-ДПМНЕ, па сега таа го бојкотира Собранието, бидејќи од тоа дека ќе имаат 60 пратеници, сега анкетите не кажуваат така, но немаат сила како да се појават во јавноста е потенцијален проблем што некој ќе сака да го злоупотреби на денот на изборите. Но, бидејќи сериозните политички партии се овде и тие се чинители на изборите, очекував сериозен пристап во градењето на европските избори да направат и медиумите и да не подлегнат на одредена политичка опција и со одредени манипулации кои ќе мислат тие дека ќе имаат гласови. Јас се согласувам дека партиите се чинители и да не се плашиме ќе направиме фер и демократски избори и затоа да оставиме некој транспарентно тоа да го мониторира доколку сака.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Макрадули.

Последен за реплика е господинот Блаже Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Господине Макрадули навистина не ми е јасно како правите договори со несериозни партии како што ги нарекувате, тоа е знак дека се става во прашање и вашата сериозност која ја гледаме преку начинот на владеење. Меѓутоа, сакам да ви објаснам за што станува збор кога има вакво решение во законот на Украина или на западноевропските земји. Ова се нарекува (егзит пул) што значи најмалку четири прашања од кои оној кој ја врши анкетата треба да донесе заклучок за кого би гласал анкетираниот граѓанин.

Тоа да се реализира треба предизни правила со цел да се спречат сите злоупотреби на оваа анкета на самиот ден на гласање и да се дерогира фактички членот 77 во целост.

Ова уште повеќе што на овој начин како што сега е предвидено во членот 77 јас ве уверувам дека на парламентарните избори вака како што стои ќе имате можност да имаме два победници. Едни победници врз основа на изборните резултати и едни победници врз основа на анкетите. Некако многу ви се заарни да се натпреварувате кој има подобри резултати во анкетите, а јас би ве повикал дајте заангажирајте се како Република Македонија да стане подобро место за живеење.

Од друга страна јасно ми е зошто нема да го прифатите овој амандман иако се согласувате во најголем дел со аргументите кои ги кажуваме, а тоа е пред се за тоа што она што се гласа тука и она што се брани не претставува ниту концепт ниту квалитетен изборен закон, туку претставува договор кој го имате вие склучено со господинот Груевски, а договорот сте принудени да го браните без негово присуство во овој Парламент. Тоа ви е проблемот, јас ве разбирам, меѓутоа, не можам да ви помогнам. Благодарам.

**Слободан Најдовски:**.Една минута контра реплика за пратеникот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Почитуван потпретседателе се јавувам за збор.

**Слободан Најдовски:** Тогаш се извинувам, има збор пратеникот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Да се договориме за сериозноста. Значи СДСМ како сериозна партија која е чинител на парламентарното мнозинство и Владата на Република Македонија пред вака исклучителен закон влезе во широка расправа не само во јавноста, туку влезе во широка расправа со сите политички партии. За нас кога ќе дојде писмо потпишано од Никола Груевски, Стојан Андов, Марјан Ѓорчев, Љубисав Иванов-Ѕинго и Аднан Ќахил ние не можеме да претпоставуваме дека овие пет потписи се несериозни иако тие во тоа писмо напишат дека како членови на избирачки одбор да останат претставници предложени од двете најголеми опозициони партии или пишува ние би сакале да информираме дека согласно новонастанатата ситуација ги повлекуваме сите погоре наведени барања освен едно кое е најсуштинско за текот и квалитетот на изборниот процес, а тоа е членови на избирачки одбори да имаат и претставниците на партиите предложени од двете најголеми опозициони партии кои освоиле најголем број на гласови.

За нас не можеме да претпоставуваме дека овие се несериозни политичари, претпоставуваме дека

се потпишале при здрава свест за тоа што го потпишуваат и ние сме влегле во разговори и затоа...

**Слободан Најдовски:** Господине Макрадули ќе ве молам за амандманот.

**Јани Макрадули:** И затоа не не обвинувајте нас дека сме несериозни и правиме договор, несериозноста на преговорите или несериозноста на нашата партија или сериозноста не може да ја доведе некој што манипулира со јавноста со лажни потписи, со лажни преговори. Не, ние сакаме да направиме и затоа направивме широка дебата со сите политички партии, да направиме законик во кој ќе се најдеме сите се со цел да го направиме клучниот чекор, а тоа е да направиме фер и демократски избори кои ќе не оценат за Македонија дали да оди напред или не. Ниту тоа ќе биде ќар на СДСМ ниту на ВМРО-Народна пратија, а најмалку на ВМРО-ДПМНЕ кој ги бојкотира сите клучни проевропски, прореформски закони.

Затоа, ние не можеме да извлечеме бенефит, од тоа може да излвлече Македонија само доколку сите партии како позитивни чинители влеземе во овој изборен процес. Затоа да не се плашиме дека некој ќе направи анкета на јавното мислење и таа ќе ја објави во 20,00 часот. Никој нема да го гледа во 20,00 часот, бидејќи сите ќе гледаат таму каде ќе има директни преноси од штабовите, а таму ние ќе почнеме после 19,00 часот со редовни пред конференции.

Затоа да не ја доведуваме сериозноста на СДСМ во прашање заради несериозноста на оние кои, за жал, некој во нивно име зборуваат и се обидуваат да манипулираат.

Уште еднаш ќе се согласам со вас, најголема опасност е некој со лажна анкета прво да влезе во изборите оти тој ќе мисли дека ќе победи 65, како што мислеше господинот Груевски, а гледа дека анкетите не велат тоа и тој мисли дека ќе има 70 пратеници и кога ќе се најде затечен со бројот на пратеници нормално дека ќе има проблем. Но, се надевам дека како што сите партии што го покажавме тука со носењето на уставните амандмани и славните измени за реформи во судскиот систем, ќе направиме се да бидат овие избори по највисоки европски критериуми. Верувам во медиумите дека ќе се приклучат на тој концепт и ќе застанат против подметнувањата од страна на било која политичка партија и манипулирањето со разно разни анкети на денот на избори или како што некој даде пример повикување, како што беше са денот на референдумот каде се лицитираше со бројки и се даваше лажна слика во Република Македонија. Секоја теорија или секое европско искуство научено од изборниот процес вели дека лажната анкета е катастрофална за партијата што ја манипулира анкетата и сака да даде лажна слика. Тоа им се враа како бумеранг и мислам дека граѓаните го знаат и ќе го ценат. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Три минути реплика за пратеникот Блаже Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Ова обраќање на господинот Макрадули дефинитивно ги потврди моите убедувања дека договорот кој го правеле со ВМРО-ДПМНЕ и останатите политички партии не се однесува на договор за изборен концепт со изборни органи кои ќе уживаат доверба од страна на сите учесници во изборниот процес, независно дали се работи за партиски листи или за листи на група избираи.

Дефинитивно значи признание за недоследноста на создавањето и конципирањето на овој изборен законик на страна од сите јавни расправи и од сите ангажмани кои ги покажаа во тој правец и Министерството за правда и работни групи и невладини организации и сето она што претставуваше стручна јавност во Република Македонија.

Уште еднаш ќе истакнам дека вие со овој изборен законик не поддржувате изборен концепт, не поддржувате концепт кој ќе значи спроведување и на претседателски и на локални избори и на парламентарни избори и на референдум, туку концепт кој треба да важи по наредните парламентарни избори и затоа ние велиме овој изборен законик се состои од два дела. Еден дел кој ви е за наредните парламентарни избори кој ви е договорен со господинот Груевски и другиот дел кој вие по препораките на Венецијанската комисија и согласно насоките и препораките на набљудувачката мисија на ОБСЕ и ОДХР. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам гопсподине Стојаноски.

Три минути реплика за пратеникот Спиро Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине потпретседателе.

Почитуван господине Макрадули, моите забелешки остануваат и понатаму, вие не ме убедивте дека не е така, ние апсолутно не викаме кога тие ќе се прават, кога ќе се објават, тоа е проблем што веќе по 19,00 часот апсолутно не претставува ниту меродавен фактор ниту може нешто да промени, но проблем е што тој ќе се прави токму на денот на изборите. Самите кажуваме во изборниот законик дека сите се залагаме за немешање и неагитирање токму на денот на изборите. Госпоѓата Којзеклиска многу добро ви објасни кој е начинот на кој се прават тие анкети и тоа од оние меродавни фактори за кои и светските медиуми ги потврдуваат.

Во однос на лажната анкета и ова што кажувате дека е пропаст за партиите, јас ви го кажав примерот од 1990 година, вие знаете можеби подобро од мене, што направи СКМ ПДП после тоа, значи од тој сооднос од 2,17 кон ВМРО-ДПМНЕ и 41,35 за СКМ ПДП дали се извинија кон народот или тие што ја правеа анкетата повеќе ги нема или и денеска се истите кои ги прават анкетите по сите јавни медиуми и каде има некој

вето, а некој пристап кога сака и колку сака да говори.

Уште еднаш за сериозноста на СДСМ, мислам дека имате многу погрешна проценка затоа што со партиите со кои се договарате очигледно ниту се договоривте затоа што истите ги нема и погрешката е ваша. Јас не можам ништо да ви помогнам тука. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Слободан Чашуле, не бевте пријавен за реплика.

**Слободан Чашуле:** Добро, зборот ќе ми биде краток.

Да. Наполно е согласувам со вас дека во Парламентот се присутни државнички партии, партии со јасна македонска ориентација, бидејќи со целиот капацитет се борат да постигнеме европска нагодба и да донесеме европски договор за Република Македонија да ги почнеме преговорите и нашата генерација да доживее да станеме член на Европската унија и да си го обединиме народот и заедно со нас и другите заедници да се чувствуваат дома на целиот овој простор.

Да господине Макрадули тука сме во дијалектика власт-опозиција во коалиција "за Македонија" ама онаа европска Македонија, а не таа што фигурира кај тие кои бојкотираат и вашата што фигурираше во вашите изборни слогани.

Меѓутоа, вие целата расправа сега по повод овој член и овој наш амандман ме тера повторно да земам збор заради тоа што навистина ставував. Вие самите во расправата, а и ние, а особено вие како координатор на СДСМ укажувате на тоа дека во главата на одредени луѓе фигурираат бројки кои нема да се однесуваат на стварноста, бидејќи не се вистинити. Што правиме ако таа антиевропска коалиција според антимакедонска коалиција излезе на денот на изборите после изборите и рече, уа ги лажиравте вие и ВМРО-Народна партија изборите и ние сакаме да изведеме украинско сценарио. Е, мене тоа ме плаши. Да сме вие и ние сами на изборите во една проевропска дијалектика на позиција и опозиција, да си остане членот оти знам дека нема да го злоупотребиме, толку барем научивме по еднаш победивме, по еднаш изгубивме на изборите и видовме особено низ кризата каде ги здружувавме силите што значи да се биде државник.

Меѓутоа, не сум убеден дека тие што претендираат да бидат најголема опозициона сила во оваа држава и тука со вас се согласувам, понекогаш ми паѓа навистина тешко, ама и сум задоволен што мораме да се усогласиме на тие работи, гласаа против сите европски проекти на Република Македонија и сега очекувате да направат и да прифатат една европска анкета на овие избори каде се борат за политичка егзистенција, не за власт. Кога човек ќе го стиснат на ѕид меѓу камен и тврдо место тој нема да ги бира средствата да си ја одбрани голата политичка егзистенција, а докажаа со целата своја пракса, вклучувајќи со бојкотот сега и со писмото до Меѓународната заедница дека ќе бојкотираат, дека не се партија која верува во европската перспектива на Македонија и бидејќи не сакаат да и дадат на својата нација и на сите заедници овде европски стандарди, тие се антимакедонска, па еве да не се навредат и колегите од заедниците и антирепублико македонска коалиција.

Затоа мислам дека треба да ни го услишите аргументот да не им дозволиме уште од демократичност, од европски однос кон нештата, да им дозволиме во рацете на тие недораснати квази политичари кои претендираат да бидат државници да им дозволите да манипулираат со судбината на нашата држава, два пати нема да ни се даде можност да го полагаме овој испит.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

(Со седницата продолжи да раководи Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија)

**Љупчо Јордановски:** Во салата се присутни 62 пратеника.

Ги молам пратениците да седнат на своите места.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, за гласале 62, нема воздржани, нема против.

Сметав дека најголемата пратеничка опозициона партија ова посебно ќе го цени.

Јас под ризик да добијам интерпелација од некои опозициони политички партии во Парламентот за мене се оние најголеми опозициони партии кои што имаат најголем број на пратеници. Во таа смисла ова го кажувам, па макар под ризик некој да ми даде интерпелација и тоа ќе го бранам, бидејќи легитимитетот е даден на пратениците кои што се овде присутни во Парламентот.

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 78 став 8, поднесен од пратениците Тито Петковски, Славица Станковски, Јордан Михајловски и Иван Анастасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Субхи Јакупи, заменик министерот за правда.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете, господине Михајловски.

**Јордан Михајловски:** Ги молам колегите, со оглед на тоа дека веќе настана демократска

атмосфера и овој амандман да се прифати. Ќе кажам зошто?

**Љупчо Јордановски:** Вие не завршивте господине Михајловски? Знаете, во литературата има запирки а во говорот има паузи. Така што јас помислив дека вие завршивте со вашето излагање. Во пишаниот текст има запирки, извичник и прашалник, интерпукција. Тоа не можете да го кажете во говор. Вие го кажавте со пауза. Вие направивте пауза и јас мислев дека сте завршиле. Се извинувам, повелете продолжете.

**Јордан Михајловски:** Денеска имаше толку многу паузи што не знаеме веќе што е пауза. Зошто го предлагаме амандманот? Праксата покажува досега дека поимот избирачко место не е дефинирано како што треба, особено во руралните средини каде што имаше задружни домови, на едно место е влезот на избирачкото место, од другата страна е стопански објект, кафеана, или мешовита продавница. Невкусната иконографија постоеше пред самите влезови на избирачкото место. Никој тоа не го гледаше. Сакаме да нема никакво влијание. Затоа сакаме да дефинираме еден простор од 200 метри во кој што не можат да се лепат плакати, за да не се влијае тој ден на избирачите, да не се нарушува достоинството на изборите и да не се создава грда слика од изнасилената иконографија. Инаку, по правило сите избирачки места осамнуваат со плакати, па избирачките комисии имаат проблем. Ако можевме за Законот за пушење да ставиме една заштитна зона каде што не може да се продаваат цигари, зошто тоа да не го направиме за еден од најсериозните чинови во државата како што се изборите, да има простор во кој не може да се лепат плакати околу избирачкото место. Тука не викаат пет метри, може и пет метри да се залепат, ама не е избирачко место. Значи, апсурдот постои.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓа Биковска.

**Наташа Биковска:** Благодарам претседателе. Ќе го прочитам ставот 8 од членот 78, затоа што треба и јавноста да свати колку е јасен тој став. Значи, не е дозволено истакнување на плакати од кампањата на објектите каде се наоѓа гласачкото место, или просторијата каде што се спроведува гласањето. Значи, членот 78, поточно ставот 8 воопшто не предвидува радиум, а предлагачите на амандманот треба да знаат што е избирачко место, а што е гласачко место. Заради тоа не држи делот од образложението кое што не го прочита колегата Јордан Михајловски. Велат вака: прецизирањето на радиусот кој што не е предвиден е и во функција на казнување на организаторот на изборната кампања кој спротивно на законот дозволил негово прекршување. Мојот коментар е на дискусијата и на бранењето на амандманот на колегата Михајловски и насочен на сите предлагачи на овој амандман е дека длабоко во содржината на овој амандман го гледам психолошкиот момент, затоа што новите плакати и симболи на НСДП не се дел од идентитетот на предлагачите на амандманот и можеби и самите тие сакаат да бидат овие плакати подалеку од нивните очи. Но, од оваа ситуација немаат излез и понатаму ќе ги гледаат плакатите на СДСМ околу гласачкото место. Дополнителен проблем е дека треба да имаш кој да ги лепи плакатите. Согласно членот 78 предвидено е и согласност од сопственикот на објектите каде треба да се залепат плакатите, што за НСДП ќе биде навистина голем проблем за оваа изборна кампања.

**Љупчо Јордановски:** Три минути реплика господине Михајловски.

**Јордан Михајловски:** Прво, забелешките на колешката не само што излегуваат од контекстот на психологија, туку се и невкусни. Прво, невкусни се затоа што се повикува, ние зборуваме за една универзална ситуација во кои се случуваа повреди. Ние настапуваме со нова иконографија на Новата Социјал Демократска партија тоа не го бараме. Идентификацијата ќе се бара во освојување на политичкиот простор и тоа се прави овие денови. Се прави на демократски начин, со изјави и со сето друго. Плакатите буквално осамнуваат и се повредува достоинството на луѓето кои гласаат. Што значи, јас не реков плакати од една, или од друга партија. Зошто вие се чувствувате засегнати? Која партија јас ја споменав, па вие да се чувствувате тука засегнати? А правам разлика од избирачко место до избирачка гласачка просторија. Зошто да не правам? Јас убаво реков, визуелниот контакт пет метри од избирачкото место е невкусен кога луѓето ќе доаѓаат и ќе гледаат изнасилена иконографија само 5 метри до избирачкото место. Затоа барав да се дефинира еден простор, па макар 50 метри, 30 метри, да не бидат буквално плакатите лепени до избирачкото место. Која е мојата цел? Да лепам јас плакати? Јас сум за тоа да нема плакати.

**Љупчо Јордановски:** Дали имате контра реплика?

Една минута контра реплика госпоѓа Наташа Биковска.

**Наташа Биковска:** Од практична гледна точка да му кажам на колегата Михајловски. 200 метри за едно Берово од најодалечените гласачки места е да лепиме плакати на бензинска пумпа, на манастир, или подалеку во периферијата на градот. Сметам дека со тоа сум кажала се. И ова е свечен ден и свечен амбиент и навистина плакатите и симболите на нашите партии не треба да им пречат и треба да си ги гледаат своите плакати во близина на гласачкото место.

**Љупчо Јордановски:** Тука имате поента.

Господине Трендафилов дали барате збор, или реплика?

**Ѓорѓи Трендафилов:** Колегата Михајловски навистина има една интересна забелешка. Зборувам за амандманот, значи за Предлог амандманот на колегата Михајловски.

**Љупчо Јордановски:** Тогаш, немојте да го спомнувате колегата Михајловски.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Во ред. Значи сакам да истакнам дека неговата забелешка која се однесува дека особено во руралните средини гласачките места често се, да речеме против етичките норми на денот на гласањето, навистина се украсени и излепени со плакати од кандидатите и политичките партии кои се натпреваруваат. Но, исто така, јас морам да се извинам што не ја слушнав внимателно забелешката на госпоѓата Наташа Биковска, мислам дека и таа не беше далеку од вистината. Оттука и мојата заложба во поглед на овој амандман јас не би се изјаснил во моментов дали би го поддржал овој амандман, затоа што навистина не бев внимателен во забелешките кои ги кажуваше почитуваната колешка Биковска.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 66 пратеници, 60 гласале, 8 за амандманот, нема воздржани, 52 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 81 поднесен од пратениците Љупчо Балковски, Чедомир Краљевски, Спиро Мавровски, Жарко Караџоски, Марија Којзеклиска, Ѓорѓи Оровчанец, Ристо Пејоски, Блаже Стојаноски, Ѓорѓи Трендафилов, Драго Шајноски, Слободан Чашуле и Александар Флоровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор Блаже Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Почитуван господине претседателе, почитувани претставници на Влада, почитувани колеги пратеници.

Амандманот 23 или 56-тиот амандман кој што е во вашиот листинг амандмани се однесува на членот 81 од овој закон каде што е наведено дека организаторот на изборната кампања за организирање на предизборен собир на јавни места и на места каде што се одвива јавен превоз, писмено го известува органот надлежен за внатрешни работи преку неговата подрачна единица најдоцна 48 часа пред денот на одржување на собирот.

Значи, практично кажано доколку собирот се одржува навечер пред одржувањето на денот 48 часа, значи три дена би дошло претходно пред самото одржување. Така барем стои во законот. Овој рок навистина е предолг особено ако се има предвид дека за спроведување на изборната кампања во овој закон се предвидени само 20 дена. Значи, за 20 дена можно е да настанат промени во редоследот на одржувањето на јавните собири од објективни причини, од причини кои што се однесуваат на начинот на спроведување на изборната кампања или од некои други причини кои што ги има самиот организатор на изборната кампања. Заради овие причини сметаме дека 48 часа се навистина долг период кој што треба да помине пред одржувањето на собирот а претходно да се достави известување до Министерството за внатрешни работи со цел да се добие дозвола на организирање на предизборен собир. Ова е во контекст на оние одредби за кои што дискутиравме неодамна тука околу Законот за јавни собири каде што навистина треба помалку рестриктивно да се однесува власта кога се работи посебно за изборна кампања каде што нема никаква потреба и што е посебната организација што би ја правело Министерството за внатрешни работи доколку и за тоа би му биле потребни 48 часа пред одржувањето на собирот да се подготви и да се организира или не знам што. Бидејќи се работи за предизборна кампања фактички сите учесници на изборите ќе можат да организираат вакви предизборни собири во различни места низ Република Македонија. И, затоа сметам дека 24 часа е сосема доволен рок во кој што Министерството за внатрешни работи ќе може да се подготви за спроведување на мерките кои што треба да ги преземе за воспоставување на ред во сообраќајот и воопшто ред во спроведувањето на јавниот собир во текот на предизборната кампања.

Затоа се надевам дека министерката која што, тукушто пристигна ќе почне со прифаќање на овој амандман затоа што е објективен и апсолутно ќе значи подобрување на текстот на овој закон. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Инаку господине Стојаноски, немојте толкав комодитет, испланирајте си ги кампањите на време, пријавете се, тоа за сите важи. 48 часа навистина е добро време. Треба да се спреми и другата страна. Вие можевте и 8 часа, ајде сега да видиме дали можеме за 8 часа. Одговорноста си е одговорност и вие треба да си ја преземете одговорноста во рок од 24 часа да се пријавите, да се договорите со другите политички партии дали имаат митинг, или немаат митинг. Сето тоа е во дух на соработка. Тоа ви го кажувам од искуство, бидејќи сум водел јас кампањи.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 63 пратеници, 57 гласале, 7 за, нема воздржани, 50 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 83 став 1 за додавање три нови алинеи 7, 8 и 9 по алинеја

6, поднесен од пратениците Љупчо Балковски, Чедомир Краљевски, Спиро Мавровски, Жарко Караџоски, Марија Којзеклиска, Ѓорѓи Оровчанец, Ристо Пејоски, Блаже Стојаноски, Ѓорѓи Трендафилов, Драго Шајноски, Слободан Чашуле и Александар Флоровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда, Мери Младеновска Ѓорѓиевска.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Се надевам дека господинот Стојановски ќе се откаже од дискусија. Бидете џентлемен господине Стојановски или ќе бидете краток.

Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Стојановски имате збор.

Се работи за член 83 став 1 за додавање три алинеи 7, 8 и 9.

**Блаже Стојановски:** Значи не се работи дека не е прифатен амандманот, туку се работи зошто не е прифатен. Јас навистина не слушнав ниту еден аргумент кој што е насочен во контекст на тоа дека овој амандман неможе да биде составен дел од овој закон, а од друга страна тука имавме многу гласноговорници кога се донесуваше законот за финансирање на политичките партии, кога требаше да се носи уште еден закон за финансирање на изборната кампања кој што не беше донесен, а сега наеднаш она што претставува регулирање на прашањата од оваа област во контекст на финансирањето на изборната кампања и во контекст на оневозможувањето за изборната кампања да се злоупотребува позицијата на власт, наеднаш добиваме глатко дека амандманот не се прифаќа.

Јас не се согласувам со неприфаќањето на овие амандмани, па затоа инсистирам сите заедно како пратеничка група на ВМРО-Народна партија да не сослушате и да ги слушнете аргументите од кои причини се поднесува и зошто ова значи подобрување на изборниот процес во Република Македонија, особено во конетекс на борбата против корупцијата и во контекст на дефинирањето на Република Македонија како демократска држава.

Членот 83 се однесува на тоа од кои се извори на средства не смее да се финансира изборната кампања. Владата предлага заедно со подржувачите на Владата на ДПМНЕ и нивните коалициони партнери предлагаат изборната кампања да не смее да се финансира од средства на Буџетот на Република Македонија, од буџетите на општините и Градот Скопје, од јавни претпријатија и јавни установи, од здруженија на граѓани, верски заедници, религиозни групи и фондации, средства од странски влади и меѓународни институции, органи и организации на странски држави и средства од претпријатија со мешовит капитал, каде доминантен е странскиот капитал. Ние се согласуваме со сите овие извори на средства од кои што не смее да се финансира изборната кампања. Меѓутоа, сметаме дека овие извори на средства кои што се под забрана за финансирање на изборните активности, треба да бидат додаени и средства од претпријатија носители на концесија.

Второ, средства од приватни претпријатија кои вршат работи за државни органи, фондови, јавни претпријатија и јавни установи и средства од друштва со најмалку 30% државен капитал. Наредниот амандман, за кој што ќе дискутираме подоцна, претставува само дооформување на целите кои што сакаме да ги постигнеме со овој амандман, а тоа е за време на изборната кампања да се забрани и инвестирање во инфраструктурни објекти. Ова е предлогот во контекст на борбата за спречување на корупцијата кој што го предлага ВМРО-Народна партија за подобрување на одредбите од овој изборен законик.

Зошто да се Забрани користењето на средства од претпријатија носители на концесија? Затоа што, сме сведоци дека концесиите доколку се права кои што произлегуваат од тоа што претставува процедура која што ја спроведува, пред се, ја спроведуваат одделни министерства од Владата на Република Македонија и која што може да се злоупотреби во насока на создавање на можности од носителите на концесија или од титуларите кои што добиле концесии од страна на Владата на Република Македонија понатаму да биде побарана противуслуга за финансирање на изборна кампања. Со забраната од овие кампањи, од овие фирми да се финансира изборната кампања, се заштитуваат пред се самите компании кои што нема да бидат изложени или ќе бидат во многу помал обем изложени на притисок за донирање на средства за изборни кампањи, заради тоа што некој би ги потсетувал дека добиле концесии и за тоа треба да вратат на некому нешто. Затоа, регулирањето на прашањата поставени во овој дел да се сведе чисто врз основа на законите кои што ги регулираат прашањата на концесионерството во Република Македонија и да се спречи злоупотребата на финансирањето на политичките партии врз основа на влијание од страна на извршната власт.

Средствата од приватни претпријатија кои вршат работи за државни органи, фондови, јавни претпријатија и јавни установи, тие се средства кои што произлегуваат и кои што можат да се третираат како средства кои што би произлегле од некаков деловен однос кој што може да настане помеѓу оние лица кои се одговорни за прашањето на паричните средства од државните органи, кои што произлегуваат од Буџетот на Република Македонија. Потоа од средствата на фондовите, средствата на јавните претпријатија и јавните установи. Сите тие да произлегуваат врз основа на меѓусебно разработени шеми, на меѓусебни договарања и врз основа на добиените тендери да се условуваат оние кои што

потпишуваат договори со јавните претпријатија, државните органи, јавните установи, фондовите, да мораат да финансираат политички кампањи на одредени политички субјекти, заради тоа што добиле на тендер во ова или она министерство или заради тоа што добиле на тендер во ова или во она јавно претпријатие.Значи, да се отстранат можностите за корупти вни однесувања во овој дел, ние предлагаме со закон да се забрани користење на средства кои што би биле официјални донации од страна на тие фирми кои што добиле на тендер на политички партии, независно од тоа дали се работи за политички партии од опозицијата или политички партии од позицијата. Со ова изборната кампања би се спречило да се финансира на еден коруптивен начин и на тој начин да се продуцира зголемување на вкупните коруптивни однесувања во Република Македонија.

Третиот наш предлог се однесува на средства од друштва со најмалку 30% државен капитал. Факт е дека лицата кои го претставуваат државниот капитал во компаниите каде што има над 30%, зборувам за над 1/3 од вкупниот капитал кој е државен, можат многу лесно бидејќи ги именува или Владата или пооделно министерство или Фондот за ПИОМ, каде што раководителите се претставници на владеачката структура по дефиниција, да можат да им дадат насоки да извршат влијание врз органите на раководење во овие компании, да донираат средства на оние политички субјекти кои што се на власт во дадениот момент или кои што ги ставиле на тие позиции. Не постои друг начин да се оневозможи влијанието врз лицата кои го претставуваат државниот капитал во фирмите каде што над 30% е државен капитал, да се отстрани можноста за влијание врз нив за донирањето на пари од страна на тие компании кои што, поинаку кажано, би се третирале како повеќе од половината приватни компании или 70% приватни компании, меѓутоа тие 30% се многу значаен дел кога се однесува на влијанието во одлучувањето и во управувањето, пред се, со соодветната компанија.

Овде, секако, не можеме во целост да го исклучиме овој закон и влијанието кое што може да биде застапено преку Управата за јавни приходи, преку некои други државни органи што може да значи притисок врз компаниите за да донираат средства за изборна кампања, меѓутоа со ова сметаме, со овие одредби кои што ги предлагаме, барем во еден дел, ќе можеме да го оневозможиме или да го амортизираме тоа влијание врз компаниите кои што треба единствено да се насочат на профитабилното работење, на создавање на услови за инвестирање во нивните компании и за создавање на можности за нивна успешна работа во иднина. Ослободувањето од притисоците од страна на власта и од условувањето од страна на опозицијата дека кога би дошла на власт , тие би им вратиле на еден или на друг начин, ако тие донираат средства за време на изборната кампања, дефинитивно ќе значи силен придонес на овој Парламент во насока на намалување на мотивите за коруптивно однесување во Република Македонија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Трендафилов, повелете.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Во прилог на дискусијата на господинот Стојановски очекувам од пратеничката група на Либерал демократската партија и конкретно од господинот Слободан Најдовски како потпретседател на Собранието со својот личен пример, значи со поддршка на овој амандман да и дадат содржини и вистинска суштина на од нив предложената декларација која беше донесена во Собранието за борба против корупцијата и воопшто затоа што Либерал демократската партија ја анимираше практично македонската јавност повеќе од една година со Предлог законот за финансирање на политичките партии. Овој Предлог амандман на ВМРО-Народна партија оди во функцина на тоа да се направат рестрективни инструменти што ќе им оневозможат на носителите на јавни функции на организации кои располагаат со државен капитал или воопшто со државен имот и на пријателски фирми кои вршат услуги за министерствата и за фондовите и за јавните претпријатија на Република Македонија. Мислам дека местото на господинот Најдовски, пред се, како потпретседател на Македонското собрание во овој момент треба да биде тука и со својот глас за даде поддршка на овој амандман. Инаку, тогаш неговата декларација која ја прифативме сите во Собранието, навистина, нема никако да заживее во пракса. Ова е еден од помалите чекори со свој придонес активен во Собранието да покаже дека беше сериозен во моментот кога се изгласа Декларацијата за спречување и борба против корупцијата.

**Љупчо Јордановски:** Господине Мавровски нешто да додатете?

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе, почитувана министерке.

Мислам дека во насока на фер и демократси избори токму е и овој амандман на ВМРО-Народна партија со кој што предлагаме едно решение кое што ќе помогне во однос на изборите и во однос на она со што се занимава цела македонска јавност години наназад, значи фер и демократски избори и сомнежите во финансиското работење, како и средствата кои што треба да дојдат до политичките партии од страна токму на оние физички лица или правни лица кои можат да донираат и треба да ги донираат средствата за една политичка кампања. За што се работи? Изборната кампања во членото 83 каде што стои за финансирањето на изборите, кажуваме дека не смее да биде од средствата на Буџетот на Република Македонија, освен оние ои што треба партиите да ги добијат после изборите. Понатаму, не треба да бидат од буџетите на општините, средствата од јавни претпријатија и јавни установи, средства од здруженија на граѓани, верски заедници, религиозни групи и фондации, средства од странски влади,

меѓународни институции, органи и организации на странски држави и други странски лица, средства од претпријатија со мешовит капитал, каде доминантен е странскиот капитал. Тука овие 6 алинеи на ставот 1 завршуваат. Ние предлагаме уште 3 алинеи на овој став 1 од членот 83.

Средства од претпријатија носители на концесија.

Средства од приватни претпријатија кои вршат работи за државни органи, фондови, јавни претпријатија и јавни установи.

Последнат алинеја е, средства од друштва со најмалку 30% на државен капитал. Зошто го бараме сето ова? Затоа што во овие претходни алинеи на неколку места се спомнуваат средства од претпријатија со мешовит капитал, каде што имаме доминантен странски капитал, па странски лица. Кога говоревме за финансирањето на политичките партии, јас и тогаш и сега повторно ќе спомнам една ситуација, затоа што тука во алинеја 4 се говори за тоа, средства од здруженија на граѓани. Тие невладини организации во основа се здруженија на граѓани и тие средства многу тешко се контролираат, каде завршуваат, од каде доаѓаат. Она што го побаравме и тогаш, а го бараме и сега е транспарентноста. Таа треба да покаже од каде, кој и како се финансира, се разбира, за финансиското работење на политичките партии апсолутно мора да има максимална транспарентност и тоа секоја влада ќе треба да го обезбеди со своите ревизии, контроли и врз основа на она што ќе го направат политичките партии, да ја извести македонската јавност. Колку сето тоа во моментот функционира, најдобро го гледаат граѓаните и токму запрепастува таа недоверба во однос на ова финансиско работење, во односс на овие политички кампањи, во кои што некој прикажува трошок од незнам колку илјади евра, а реалната проценка на се ова што се случува можеби стои во милиони евра. За да стигнеме до тие милиони евра, ние бараме од овие средства и да биде тој пристап во политичката кампања пореален, бараме токму ова што е тука напишано. Зошто го велиме ова? Гледаме дека во последно време, пратејќи ги службените весници, затоа што тука многу малку во Собрание сме говореле за концесии, концесии се добиваат секој ден на најразлични површини, со рок на траење од некаде 10 до 20 години и после издавањето на тие концесии и она што значи добивка на луѓето кои ги добиле концесиите, мислам дека чисто за она што е работа, она што треба да остане во единиците на локалната самоуправа и она што треба да го добие државата, треба да биде ослободено од она што ќе биде на некој начин данок кон некоја политичка партија која што ја издава таа концесија и некој е обврзан да го стори сето тоа.

Во однос на ова што секојдневно го читаме, каде што Антикорупциската комисија има најмногу работа, значи процесите на коруптивно дејствување и тоа во најголемите јавни претпријатија, се случува токму така, затоа што и без знаци на корупција доколку едно претпријатие добие на тендер на јавно претпријатие, од 100 тендери 70, ќе признаете дека не знам колку да се квалитетни или не се квалитетни, таквиот процент на добивка што се случува кај многу такви претпријатија, едноставно мора да има некоја врска која што некој ден некој ќе треба да си го плати својот долг за она што добива. Токму и тоа го исклучуваме со овој закон и со овој амандман што го предвидуваме и мислам дека тука апсолутно немате никаков проблем да го прифатите сето ова, затоа што кажавме дека ова не се однесува само на овие избори, значи не само на овие парламентарни избори, туку за избори години нанапред. Значи, тука влегуваат сите политички партии кои што се сега опозиција, утре ќе бидат позиција и обратно, сите треба да изградиме една доверба од која што ќе излеземе со едно чувство дека носиме еден закон кој што се залага за фер и демократски избори. Доколку сето тоа сигурно го посакуваме сите ние или декларативно кажуваме едно, а гледаме што да направиме нешто од кое што ќе може се да се земе и едноставно ситуацијата да биде поинаква од оваа што ја презентираме во законот.

На крајот со алинејата 9 "Средства од друштва со најмалку 30% од државен капитал". Тука во Парламентот на претходната седница, претходната недела ние донесовме еден закон во кој што акциите во акционерските друштва ги претворивме од ПИОМ да бидат акции со кои што државата ќе може да управува во тие друштва, што значи се менува и сопственичкиот квалитет во тие претпријатија, така Што апсолутно јас не гледам зошто еден странец ако биде доминантен, како што кажувавме за тие претпријатија и да има повеќе акции, доминантен во смисла дека поседува повеќе акции и може да управува, управувачки пакет во тоа претпријатие, сега ние на овој начин кажавме дека управувачките пакети на тие луѓе им се одземаат и државата станува онаа што ќе управува со делот од тие акционерски пакети и ќе може да одлучува. Ние, затоа бараме, како што се отстрануваат странските лица, истото тоа да се случи и со државните претпријатија, каде што државата учествува со повеќе од 30% од државниот капитал. На тој начин да се избегне уште една ситуација која што ќе донесе финансиски неправилности.

Мислам дека амандманот вака предложен апсолутно, не би требало да биде проблем, бидејќи еве тука е и министерката, може директно да донесе одлука во однос на прифаќањето на амандманот и овие три алинеи кои што се додаваат на членот 83, едноставно ќе придонесат за уште едни ситуации во кои што ќе имаме се помалку коруптивно деание, а се подобри фер и демократски избори. Ако сме сите за тоа, мислам дека тука нема никаква политичка интенција, нема апсолутно ништо, ние се држиме на она што е првобитно укажано, мислам дека и од стручната јавност сигурно ова е поддржано, затоа што на

овој начин, како што кажа и господинот Трендафилов и вашата реакција од господата од ЛДП, каде што се потпишавме во однос на тие антикоруптивни дејанија, мислам дека сега треба да најдеме доблест, а на таа иницијатива се потпишани некаде околу 70-80 пратеници, еве можност уште еднаш сите заедно како пратеници и како Парламент да донесеме одлука во интерес на ова што значи фер и демократски избори. Јас уште еднаш ќе повикам на разбирање од моите колеги од позицијата и мислам дека и овој амандман, апсолутно, треба да го поддржиме. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Жерновски имате реплика.

**Андреј Жерновски:** Благодарам претседателе.

Господинот Мавровски и неговиот претходник ја спомнаа ЛДП, особено го спомнаа Законот за финансирање на политички партии и говорот на колегата и на претходниот наш колега ќе беше сосема во ред, доколку пратениците од ВМРО-Народна партија не заборавија една работа. Очигледно заборавија. Тие гласаа против Законот за финансирање на политички партии. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Мавровски, имате една минута.

**Спиро Мавровски:** Апсолутно, не е така. Вие имавте декларација со антикоруптивно деание, за да се утврди ситуацијата во Експорт-Импорт банката и можете да проверите, каде што ние ВМРО-Народна партија, говорам јас лично сум потпишан и се уште не е дојдено на дневен ред за да гласаме, а сите гласавме за. Вие имате повторно промени во тоа и повторно сме потпишани и повторно очекуваме расправа. Така да, апсолутно не гледам причина во овој момент говориме за амандман на ВМРО-Народна партија, која што апсолутно е во контекст на она што вие го баравте. Токму тука треба да покажете доблест и ова сега заедно да го изгласаме. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Беше збор за Закон за политички партии, а не за декларација. Недоразбирање, ама добро, тоа е веќе вообичаено. Секој сака да чуеме тоа што сакаме да чуеме и да го кажеме тоа што сакаме да го кажеме.

Повелете господине Чашуле.

**Слободан Чашуле:** Му ветив на претседателот дека ќе бидам краток.

**Љупчо Јордановски:** Да видиме која ќе биде таа ваша мерка за краткост.

**Слободан Чашуле:** Јас сум голем човек, моите мерки се секогаш погодени. Голем мислам во физички волумен.

Во овој амандман, во еден инаку пристоен закон кој е изложен на ризик со уцена и со бојкот да биде приземен, заслужува една дополнителна европска димензија, каде ние со овие три члена во овој амандман му ја даваме. Затоа станав да земам збор, иако на сите ни е веќе тешко, денот е напорен и долг. Почнавме доцна, ќе си го доработиме, еве сега гледам и температурата повеќе заради клима-уредот, отколку заради нас се спушта, па би сакал да имате тронка внимание да меислушате.

Покрај изборите и реформата на судството, борбата за корупција, односно против корупција е најважната задача која ни претстои и нам како Парламент и на оваа Влада и на идниот Парламент и на сите други парламенти. Сосема ни е јасно дека коруптивната атмосфера се создава во еден демократски поредок каде што во постојан оптек и натпревар се идеи и политичари. За да бидат финансирани некој треба да вложи свои средства. И сето тоа е легитимно и во познати демократии чиј што поредок ни служи за споредба, постои таканареченото лоби и на тој начин општеството ги хармонизира односите између оној што треба свој капитал да го вложи во политичарот и потоа да изградат некаков прифатлив профит. Имено, ние со овие три алинеи сакаме да го постигнеме тоа. Да овозможиме хармонизација на интересите између тие што треба, политичката инфраструктура да финансираат и тие што ја сочинуваат, и сивата зона на недоречености да ја елиминираме. И, сметам дека во тој правец треба да се прифати дека претпријатие што е носител на концесија не би требало да биде финансиер на нечија кампања, затоа што на тој начин се прави една дубиозна спрега за која не велам однапред, дека може да биде или мора да биде грешна, коруптивна, но, може да биде злоупотребена и може да се изроди во тоа.

Со оглед на тоа што имаме историска и државничка задача да ги отстраниме нејаснотиите и недореченостите, јас мислам дека треба ова да го прифатиме. Дотолку повеќе што во нашата држава, како една од ретките демократии во Европа, постојат и мрежи на концесии кои припаѓаат на радиодифузери кои се со приватен капитал, кои се под јасно нагласено партиско влијание, а се носители на концесија, тогаш учеството нивно со вградувањето на овој член ќе биде лимитирано, бидејќи и времето што би се одвојувало некритички под изговор дека тоа е таа законска спрега меѓу тој што го финансира и тој што е носител на концесијата, ќе ја претвориме со даденото време, исто така во влијание врз јавноста и врз основа коруптивно. Потоа, сосема треба да биде јасно дека јавни претпријатија односно претпријатија приватни кои работат за фондови, кои работат за државни органи, јавни претпријатија, јавни установи би требало онака како што се договоривме овде да градиме и декларации и закони против корупцијата, би требало да бидат ограничени во финансирањето на политичките партии.

И на крајот, се разбира дека е сосема коруптивно ако претпријатие во кое има државен капитал, а тој капитал припаѓа на сите граѓани во државата, па според тоа и на политичките партии кои тие граѓани ги преферираат, не би смеело да се

издвојува и да се избира сегментот од нашето општество, т.е. политичка партија која му е наклонета или не.

Со други зборови, овие три алинеи отстрануваат еден недефиниран простор, санкционираат можна злоупотреба, со тоа што ја забрануваат и барем за овие неколку избори што стојат пред нас, додека не изградиме висока општествена зрелост и јасно политичко-деловна етика да спречат нејаснотии, да не ни се јавуваат проблеми како што ги имавме досега. Се уште не сме виделе завршна сметка од политичка партија, се уште не знаеме после толку години избори кој со што и како се финансира и во даден момент при овие услови што сега ги имаме, што сегашниот Изборен законик и со сегашниот Закон за финансирање на политичките партии не можеме да го објасниме нагласеното присуство во пари, активности, медиумски простор на одредени политички чинители, бидејќи не можеме да имаме никаков увид во нивното финансирање.

Со ваков еден закон, го постигнуваме тоа, покажуваме јасно нагласена и овде од присутните проевропски партии и промакедонски, за тоа јасна политичка волја, со секое можно орудие да се бориме против корупцијата и на одреден начин ја олеснуваме работата и во реформата за судството, заради тоа што ќе имаме уште еден закон кој ќе биде моќно орудие во рацете на нашите реформирани судии да ја гонат корупцијата.

Јас мислам дека тоа поглавје треба со овој Парламент, со овие закони да биде затворено и отсега натаму да почнеме да чекориме со јасна контрола врз оваа појава која за несреќа ја имаат и најстарите и најдобро организираните демократии во светот, но тие, за разлика од нас имаат нешто што ние допрва ќе го изградиме, а тоа е механизам со кој ќе ја држиме под контрола таа негативна појава. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Една минута и 50 секунди повеќе сте зборувале, бидејќи како што велите вие се стремиме кон Европската унија, а на сите конференции и собири и институции 5 минути е максимум за дискусија, во тие асоцијации како што е Европскиот совет, Европскиот парламент. Се приближувате до европскиот просек, до европскиот стандард, една минута повеќе.

Господине Флоровски се надевам дека вие ќе бидете во рамките на Европа, бидејќи за тоа се залагате. Имате 5 минути.

**Александар Флоровски:** Ние сите сме Европјани со балкански смер, тоа мора јасно да се признае. Јас ќе бидам претседателе што е можно пократок. Амандманот 24 од пратеничката група на ВМРО-Народна партија во членот 83 ставот 1 се додаваат после 6 алинеа 7,8 и 9, кои гласат како што гласат. Господа ги имате како што претпоставувам. Работата не сакам воопшто да ја политизирам зошто ова се нуди како можно решение. Покрај сите овие работи кои се коректно набороени, значи на членот 1 до алинеа 6 додаваме 7,8 и 9, од едноставна причина, страв од можни финансиски манипулации кои постојат. Тука не може никој да ме убеди дека така не е.

Значи, и покрај сите можни рестрикции кои ги правиме овде, еве и со овој амандман додаваме уште три нови алинеи, лично ако ме прашате тешко верувам дека ќе можат да се спречат злоупотребите кои настануваат пред изборите почесто, а после изборите не сакам да коментирам. Значи потребни се пари на политичките партии и тие мора некаде да се најдат. Ако треба да се најдат, не може на некого со сила да му ги земете. Го знаеме принципот на работењето на политичките партии кој е. Значи, ќе може работата да се спречи тешко, но, да се смали процентот на злоупотреба може, ако се сака. Ќе можам да кажам дека сите политички партии без исклучоци се махери за изнаоѓање дупки во законот. Тоа мора да се признае јавно, тоа мора јавно да се каже, затоа што работите не ни се решени во старт, но отом-потом, не е место за оваа работа, впрочем, дека е така. Поминете низ градот, не само сега кога почнуваат да зовриваат работите. Ќе видиме билборди на разни политички партии. Па кога ќе прашате колку чини нивното рекламирање, ќе се зачудите колку пари се даваат. Па реклами по весници, политички партии објавуваат тендери. На пример, за претседател на Општински комитет, како што е објавен за мене тендер. Јас сум сменет на јавен тендер. Божем се работи за фирма, да не кажам и нешто друго. Па се појавуваат тендери по весници за пратеници. Исто тоа го работат политички партии. Па се доведуваме во прашање од каде на тие политички партии тие силни пари, затоа што сето тоа чини. За да биде во целина сета оваа работа ги додадов овие три алинеи, кои се јасни и концидни. Сега со претпријатија, носители на концесии, сега ви давам работа, или концесија, за возврат се договараме колку проценти. Сега тие можат да се движат од 5-10 до 15%. Зависи како ќе се договориш и кој е дилот претходно што го правиш. Тоа стои како таква работа и затоа овде го набројавме. Па следствено приватни претпријатија кои вршат работа за државни органи, почнувајќи од копање канали, па работење во рудникот "Суводол", копаш за 10 камиона, а пишуваш за 110. И таа работа постои. Значи, кажувам за пластични примери, без притоа да спомнам имиња. Иако знам многу работи, но овде не е ни место, ни време. Без докази не можам да обвинувам, глупаво би било. Значи, притоа да се води сметка , па затоа ние ги понудивме овие три решенија и средства од друштво со најмалку 30% државен капитал.

Има еден друг проблем. Тоа е менталниот склоп на политичките елити кој за жал не можеме да го промениме, освен ако сме во некоја повисока фаза на развој, па да им се извади тој чип, па да им се вгради нов. Таква работа се уште кај нас не постои, говорам на земјината топка, и кога ќе падне наредбата избори доаѓаат, дајте пари, дајте што може да направиме, да добиеме максимум што може да се добие, а максимумот што е дајте да победиме на изборите, ќе

продолжиме со истата пракса. Значи, тука не апсолвирам ниедна политичка партија. Говорам воопштено, затоа што работите ни се општо познати. А и последниот пример кој е исто така, еклатантен, не сакам никој да ми земе за зло дека говорам на памет. Се продаде ЕСМ 225 милиона. Во првите три години ќе има 93 милиона евра вложување. И кога Антикорупциската комисија побара да го види договорот, Владата вели може, но не објавувајте ништо. И вие како обичен смртник и набљудувач од надвор, што ќе речете. Значи, има некоја далавера. Сега таа далавера дали е 2,3-5% бидејќи се работи за големи пари и малиот процент носи големи пари. Јас не обвинувам. Размислувам и гласно го кажувам она што го мислам. Заради тие работи и многу други кои ќе ви ги набројам колку сакате ги нудиме овие решенија кои повторно ќе кажам, ќе спречат одреден процент, но проблемот не е во хартијата она што ќе се напише. Проблемот е во главата, проблемот е по секоја цена да се стигне до целта, не бирајќи средства, а да се стигне до целта потребни се пари, а пари никој нема да ви извади од џеб, бидете сигурни. Колку да добила партијата, ќе мора да ги молзи овие што ги наредивте овде. Затоа бараме и сметаме дека е добро да ја зацврстиме вашата положба како егзекутива, како извршен орган, утре ако го фатите зајакот, стегнете го за глава, врз основа на она што ќе значи изборен законик. Значи, мора да се санкционира сето она за кое ние денеска се залагаме. Но, ако се нема вистинска волја, џабе ни се муабетите, џабе ни се амандманите, работите ќе си продолжат како што и започнале.

Претседателе не знам колку претерав. Една минута и 29 секунди.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата за да го гласаме амандманот.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да галсаме.

Од 62 присутни пратеници, 56 гласале, 13 за амандманот, 2 воздржани, 41 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 84, поднесен од пратениците Тито Петковски, Славица Станковска, Јордан Михајловски и Иван Анастасовски.

Го молам преставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Господине Михајловски, повелете.

**Јордан Михајловски:** Овој амандман го предложивме со цел да направиме унификација на она што значи потрошени средства за избори и она што може да се добие од Буџетот на Републиката и од општините. Меѓутоа, со оглед на тоа што се однесува на два амандмани, на амандманот 86 и амандманот 84, овде ќе кажам само дека средствата што најмногу можат да се потрошат по избирач, да бидат 30 денари, наместо 60 денари, што се предлага.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресто по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Службите нека го утврдат бројот на присутните.

Мислам дека можеме да обезбедиме кворум. 54 пратеници се присутни во салата.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен пратеник, 57 гласале, 3 за, нема воздржани, 54 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 84, за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од пратениците Љупчо Балковски, Чедомир Краљевски, Спиро Мавровски, Жарко Караџоски, Марија Којзеклиска, Ѓорѓи Оровчанец, Ристо Пејоски, Блаже Стојаноски, Ѓорѓи Трендафилов, Драго Шајноски, Слободан Чашуле и Александар Флоровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

**Мери Младеновска-Ѓеорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Господнине Стојаоноски, повелете.

**Блаже Стојаноски:** Амандманот на членот 84 кој утврдува колку може да потроши организаторот на изборната кампања по запишан избирач, како политичка партија, како пратеничка група на ВМРО Народна партија, бараме...

**Љупчо Јордановски:** Зборувајте господине Стојаноски. Да бидеме сериозни, повелете.

**Блаже Стојаноски:** Да бидеме сериозни треба сериозно да се прифати нашата порака која ја пренесуваме преку оваа говорница, а тоа е дека треба да донесеме закон кој треба да обезбеди фер и демократски избори и да му посветиме доболно внимание на тој закон.

**Љупчо Јордановски:** Господине Стојаноски ајде да не отвараме теорија на сериозност, бидејќи има аргументи за и против.

Повелете, кажете ги вашите аргуменит.

**Блаже Стојаноски:** Аргументите за, јас постојано ги кажувам во текот на оваа расправа, меѓутоа аргументите против, ги немаме слушнато, за жал

ниту за претходниот амандман кој беше глатко одбиен, ниту пак за овој амандман за кој слушнавме само, амандманот не се прифаќа, а причините за неприфаќањето не ги слушнавме. Затоа, јас сакам да истакнам на што се однесува овој амандман и што е целта која треба да се постигне преку прифаќањето на овој амандман.

Амандманот гласи:" За време на изборна кампања се забранува инвестирање во инфраструктурни објекти". Тоа значи дека треба да ја утврдиме целта на изборите, а тоа е давање доверба на политичи платформи, на програми кои ќе значат легитимитет за спроведување на целите предвидени во тие политички платформи, после легитимитетот кој што е добиен на фер и демократски избори и кој претставува вистинско покажување на доверба од страна на граѓаните на Република Македонија, на одредена политичка опција. Жално е но кај нас се уште имаме избори кога за време на изборната кампања, наеднаш, се сеќаваат и власта на локално и власта на централно ниво, па и опозицијата за да ветува и да излегува на лице место и да сочуствува со тешкотиите со кои се соочуваат сите четири, или сите нананзад години, граѓаните кои живеат во тој дел од Република Македонија.

Целта на изборната кампања е презентација на политичката програма. Манипулацијата, или така нареченото купување на гласови со буџетски паир, со пари кои ќе значат доградба на улица, изградба на некаква канализација, доградба или изградба на водоводна мрежа, не знам какви се други инвестиции, како што е случајот со патот Прилеп-Велес, од 1994 година со ставањето на камен темелник каде господинот Црвенковски и ден денес го има како споменик на неговите лаги пред граѓаните на Република Македонија, апсолутно не може да значи излегување пред граѓаните и давање доверба за иднината на Република Македонија. Чисто манипулирање со гласовите на граѓаните, би претставувало купувањето на нивните гласови преку реализација на ситни инфраструктурни инвестиции, непосредно и за време на изборите односно за време на изборната кампања.

Изборната кампања трае 20 дена. Државните органи кои се надлежни да ги трошат средствата од Буџетот, или од фондовите, или од јавните претпријатија, кои се наменети за инвестиции, апсолутно нема да имаат проблем во реализацијата на нивните планови, доколку тие планови ги усогласат со потребата да не се користат државни пари за политички цели. Апсолутно, секој учесник во изборниот процес треба да има подеднаква шанса за успех на изборниот процес, независно дали може да располага со буџетски средства, со фондовски средства или не. Значи, еднаквоста која во овој Парламент и во самиот закон провејува како цел, впрочем тоа е и во однос на медиумското претставување, зборуваме за одлука за рамноправен медиумски пристап, целта е рамноправноста да биде во секоја смисла.

Амандманот за кој зборувавме претходно, кој се однесуваше на забраната за користење на средства од претпријатија кои работат за буџетски установи, кои работат за јавни претпријатија, од претпријатија во кои е застапен државниот капитал со над 50%, како и средства од претпријатија носители на концесии, е во коорелација со овој амандман, затоа што злоупотребата на финансирањето за политички цели и злоупотребата на средствата од Буџетот, исто така за политички цели, ја доведуваат државата Република Македонија во една многу неповолна ситуација, а тоа е, дајте да се подготвиме кога ќе дојдат 20-те дена изборна кампања, ќе излеземе на терен, ќе работиме ударнички, ќе завршиме некои инфраструктурни елементи кои сме ги ветувале години наназад и ќе кажеме, доколку некој гласа за нас, после изборите тоа ќе му го реализираме на начин како што сме му го ветиле, а после изборите од ветувањата нема ништо. Вакви искуства граѓаните на Република Македонија имаат многу и за да не се доведуваат непотребно во заблуди, предлагаме да се прифати овој амандман и за време на изборната кампања да се забрани инвестирање во инфраструктурни објекти. Ова е и заради тоа што, факт е дека инвестирањето во инфраструктурни објекти не може да го врши оној кој не е на власт, оној кој не може да располага со средства наменети за вакви инвестиции и на тој начин сметаме дека сите учесници во изборниот процес ќе имаат рамноправен третман за време на изборната кампања и преку презентација на своите политички платформи, ќе можат да побараат доверба од граѓаните на Република Македонија, а не врз основа на злоупотреба или купување на нивните гласови, по пат на вакви ситни инфраструктурни вложувања. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Тука ја прекинувам седницата.

Продолжуваме утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 18,00 часот).